# Службен весник на Република Македонија

Број 20 | 12 февруари 2015, четврток | година LXXI

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

## СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 404. | **Закон** за трансформација во редовен работен однос ............................. | **3** |
| 405. | **Закон** за Академијата за судии и јавни обвинители................................ | **6** |
| 406. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија ...................... | **42** |
| 407. | **Закон** за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија ..................................................... | **46** |
| 408. | **Закон** за изменување на Законот за високото образование ........................ | **57** |
| 409. | **Закон** за изменување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование ................. | **58** |
| 410. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.. | **59** |
| 411. | **Закон** за изменување на Законот за работните односи................................ | **62** |
| 412. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување .................... | **63** |
| 413. | **Закон** за изменување на Законот за здравственото осигурување ............... | **65** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 414. | **Указ** за поставување на пратеник на Република Македонија во Алијансата на цивилизациите на Обединетите Нации | 65 |
| 415. | **Указ** бр. 2 од Претседателот на Република Македонија | 65 |
| 416. | **Указ** бр. 3 од Претседателот на Република Македонија | 65 |
| 417. | **Одлука** за отповикување на управител на Друштвото фабрика за шински возила „Велес“ – ДООЕЛ - Велес | 66 |
| 418. | **Одлука** за избор на в.д. управител на Друштвото фабрика за шински возила „Велес“, ДООЕЛ-Велес | 66 |
| 419. | **Решение** за именување државен секретар во Министерството за транспорт и врски | 66 |
| 420. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници | 66 |
| 421. | **Ценовник** за висината на надоместок на штетата нанесена на рибите | 67 |
| 422. | **Риболовна основа** за изменување на Риболовната основа за риболовната вода „Преспанско Езеро“ за периодот 2011-2016 | 67 |
| 423. | **Риболовна основа** за изменување на Риболовната основа за риболовната вода „Дојранско Езеро“ за периодот 2011-2016 | 68 |
| 424. | **Риболовна основа** за изменување и дополнување на Риболовната основа за риболовната вода „Охридско Езеро“ за периодот 2011-2016 | 68 |
| 425. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за потребната опрема и начинот на определување на категоријата на автобуските станици | 69 |
| 426. | **Одлука** од Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 66/2014 од 28 јануари 2015 година | 70 |
| 427. | **Исправка** на Одлуката за замена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско или радио емитување бр.08-713 од 27.12.2014 година | 73 |
| 428. | **Одлука** за влегување во сила на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 74 |
| 429. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија | 76 |
| 430. | **Решение** за измена на Решението за за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија | 76 |
| | **Огласен дел** | 1-84 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**404.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС

Се прогласува Законот за трансформација во редовен работен однос,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 февруари 2015 година.

Бр. 08 – 740/1
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС

Член 1

Со овој закон се регулира трансформирањето во работен однос на неопределено работно време на лицата ангажирани со договор за волонтирање, договор на дело и/или авторски договор или друг договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа (договор), кои извршуваат работа во органите на државната власт, установите од областа на културата, образованието, здравството, детската и социјалната заштита основани од Република Македонија и единиците на локална самоуправа, како и јавните претпријатија, заводите, фондовите и други правни лица чиј основач е Република Македонија (во понатамошниот текст: институции), како и ограничување на периодот и бројот на лица кои може да се ангажираат со договор.

Член 2

(1) Трансформирањето во работен однос на неопределено работно време ќе се искористи исклучиво за лицата од членот 1 од овој закон, кои извршуваат работи врз основа на договор во период од најмалку 3 месеци сметано до 30.11.2014 година, а кои исто така имаат важечки договори и во моментот на трансформирањето на работниот однос.

(2) Лицата кои ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член можат да имаат прекин на договорите во периодот по 30.11.2014 година, но не подолго од еден месец.

Член 3

(1) Институциите должни се да склучат договори за засновање на работен однос на неопределено време, односно да донесат решенија за вработување со лицата ангажирани со договор во рок од 30 дена од стапување на сила на овој закон.

(2) Договорите за вработување, односно решенијата за вработување од став 1 од овој член се донесуваат на следниот начин:

1) договорите, односно решенијата за вработување за најмногу 35% од вкупно ангажираните лица стапуваат на сила со нивното потпишување, односно со донесувањето,

2) договорите, односно решенијата за вработување за најмногу 35% од вкупно ангажираните лица, стапуваат на сила од 01.12.2015 година,

3) договорите, односно решенијата за вработување за преостанатиот број од вкупно ангажираните лица, стапуваат на сила од 01.09.2016 година.

(3) При засновањето на работниот однос на неопределено време со лицата ангажирани со договор, приоритет во однос на динамиката треба да имаат лицата кои се ангажирани во институцијата најдолг временски период.

(4) Институциите не смеат да го раскинат договорот со лицата определени во член 2 од овој закон во периодот до стапување на сила на решенијата од став 1 од овој член, освен ако лицата ги повредат обврските преземени со договорот согласно закон.

(5) Во случај на повреда на обврските преземени со договорот, договорите за работа, односно решенијата за работа се поништуваат.

Член 4

(1) Министерството за финансии издава согласност за обезбедени финансиски средства за трансформација во работен однос на неопределено работно време на лицата од членот 2 од овој закон (во понатамошниот текст: согласност), на барање на институциите.

(2) Кон барањето до Министерството за финансии, институциите задолжително доставуваат потврда за извршени исплати за последните три месеци сметано до 30.11.2014 година, како и за последователните месеци од овој датум до денот на донесувањето на решението за вработување, односно склучување на договорот за вработување.

(3) За институциите кои се втора линија буџетски корисници барањето за согласност се доставува преку надлежниот орган, односно буџетскиот корисник од прва линија.

Член 5

(1) Постапката за пријавување на лицата со кои се склучени договори за работа, односно за кои се донесени решенија за вработување, во Агенција за вработување на Република Македонија, покрај пропишаната документација опфаќа и приложување на согласноста од член 4 од овој закон.

(2) Лицата кои ќе го остварат правото од членот 3 од овој закон, во рок од шест месеци се должни да ги исполнат општите и посебните услови за вработување на соодветното работно место утврдени со закон и со актите за систематизација на институцијата.

Член 6

(1) Институциите не смеат да ангажираат лица со договор за волонтирање на период подолг од 6 месеци.

(2) Лицето кое било ангажирано со волонтерски договор шест месеци во институција, не може повторно да биде ангажирано со договор за волонтирање во наредните три години во истата или во друга институција.

(3) Институциите за секое ангажирано лице со договор за волонтирање се должни да го известат Министерството за труд и социјална политика кое води регистар за лица ангажирани со договор за волонтирање.

(4) Содржината и формата на регистарот, како и начинот на водење на регистарот од став 3 на овој член ги пропишува министерот за труд и социјална политика.

Член 7

(1) Институциите ангажираат лица со договор за волонтирање по обезбедена согласност од Министерството за финансии.

(2) Кон барањето за согласност од Министерството за финансии, институциите задолжително доставуваат и потврда од регистарот на волонтери за времетраење на волонтерската работа издадена од страна на Министерство за труд и социјална политика.

(3) За институциите кои се втора линија буџетски корисници барањето за согласност се доставува преку надлежниот орган, односно буџетскиот корисник од прва линија.

Член 8

(1) Институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело повеќе од 1% од вкупниот број на вработени на крајот од претходната година, односно повеќе од три лица во институциите во кои вкупниот број на вработени е помал од 300 лица.

(2) Институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело за период подолг од 24 месеци.

Член 9

(1) По исклучок од членот 8 од овој закон , институциите може да ангажираат лица над утврдениот процент и со поголемо времетраење од предвиденото по претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии.

(2) Институциите при ангажирање на лица со договор на дело чиј надомест е поголем од две просечни нето плати во Република Македонија, исплатени во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика на Република Македонија, задолжително треба да обезбедат согласност од Министерство за финансии.

Член 10

Ограничувањата од членовите 8 и 9 од овој закон не се однесуваат на:

- лицата ангажирани на проекти и проектни единици финансирани од странски извори- заеми и донации и

- стручни лица кои се ангажираат за потребите на: Совет за јавни набавки и Биро за судски вештачења.

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 11

(1) Лицето кое раководи со институцијата која ќе ангажира лице со договор за волонтирање подолго од шест месеци или ќе ангажира лице со договор за волонтирање во периодот од три години после истекот на претходното волонтирање ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(2) Склучените договори за волонтирање кои се резултат на дејствијата на овој член се ништовни.

Член 12

(1) Лицето кое раководи со институцијата која ќе склучи договор за волонтирање без обезбедена согласност од Министерството за финансии ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(2) Склучените договори за волонтирање кои се резултат на дејствијата од овој член се ништовни.

Член 13

(1) Лицето кое раководи со институцијата која ќе ангажира лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело и/или авторски договор или друг договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа во процент поголем од 1% од вкупниот број на вработени на крајот од претходната година, а која нема согласност за тоа од Министерството за финансии ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(2) Лицето кое раководи со институцијата која има помалку од 300 вработени, а која ќе ангажира повеќе од 3 лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа врз основа на договор на дело и/или авторски договор или друг договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа, а која нема согласност од Министерството за финансии ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(3) Лицето кое раководи со институцијата која ќе ангажира лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело и/или авторски договор или друг договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа во времетраење подолго од 24 месеци, а која нема согласност од Министерството за финансии ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(4) Во пресметувањето на процентот, односно во утврдување на бројот на склучени договори не се сметаат договорите регулирани со членот 10 од овој закон.

(5) Склучените договори кои се резултат на дејствијата од овој член се ништовни.

Член 14

Лицето кое раководи со институцијата која ќе ангажира лица со договор на дело и/или авторски договор или друг договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа, а чиј надомест е поголем од две просечни нето плати во Република Македонија, исплатени во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика на Република Македонија, а кое не обезбедило согласност од Министерство за финансии, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Лицата од членот 2 од овој закон кои склучиле договор за вработување, односно за кои е донесено решение за вработување, продолжуваат со ангажманот во институцијата до стапување во сила на договорот, односно решението за вработување и за нив не се однесуваат ограничувањата предвидени со овој закон.

Институциите кои за трансформирањето во работен однос на неопределено работно време на лицата од членот 1 на овој закон треба да ги усогласат актите за систематизација на работните места, истите ќе треба да ги донесат најдоцна во рок од 14 работни дена од денот на влегување во сила на овој закон, според прописите кои важеле до денот на влегување во сила на овој закон.

Член 16

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR TRANSFORMIM NË MARRËDHËNIE TË RREGULLT PUNE**

Neni 1

Me këtë ligj rregullohet transformimi në marrëdhënie pune në kohë të pacaktuar pune të personave të angazhuar me marrëveshje për volontim, marrëveshje për vepër dhe/apo marrëveshje të autorit apo marrëveshje tjetër me të cilën personi angazhohet për kryerje të punës (marrëveshje), që kryejnë punë në organet e pushtetit shtetëror, institucionet nga sfera e kulturës, arsimit, shëndetësisë, mbrojtjes së fëmijëve dhe mbrojtjes sociale të themeluara nga Republika e Maqedonisë dhe njësitë e

vetëqeverisjes lokale, si dhe ndërmarrjet publike, entet, fondet dhe personat tjerë juridikë, themelues i të cilëve është Republika e Maqedonisë (në tekstin e mëtejshëm: institucione), si dhe kufizimi i periudhës dhe numrit të personave që mund të angazhohen me marrëveshje.

Neni 2

(1) Transformimi në marrëdhënie pune në kohë të pacaktuar pune mund të shfrytëzohet ekskluzivisht për personat nga neni 1 i këtij ligji, që kryejnë punë në bazë të marrëveshjes në periudhë prej së paku 3 muaj duke llogaritur deri më 30.11.2014, e të cilët gjithashtu kanë marrëveshje të vlefshme edhe në momentin e transformimit në marrëdhënie pune.

(2) Personat që i plotësojnë kushtet nga neni 1 i këtij neni, mund të kenë ndërprerje të kontratave në periudhën pas 30.11.2014, por jo më gjatë se një muaj.

Neni 3

(1) Institucionet detyrohen të lidhin marrëveshje për themelim të marrëdhënies së punës në kohë të pacaktuar, përkatësisht të miratojnë aktvendime për punësim me personat e angazhuar me marrëveshje në afat prej 30 ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

(2) Marrëveshjet për punësim, përkatësisht aktvendimet për punësim nga paragrafi 1 të këtij neni miratohen në mënyrën si vijon:

1) marrëveshjet, përkatësisht aktvendimet për punësim për më së shumti 35% nga gjithsej personat e angazhuar hyjnë në fuqi me nënshkrimin e tyre, përkatësisht me miratimin,

2) marrëveshjet, përkatësisht aktvendimet për punësim për më shumti 35% nga gjithsej personat e angazhuar, hyjnë në fuqi prej 01.12.2015,

3) marrëveshjet, përkatësisht aktvendimet për punësim për numrin e mbetur nga gjithsej personat e angazhuar, hyjnë në fuqi prej 01.09.2016.

(3) Gjatë themelimit të marrëdhënies së punës në kohë të pacaktuar me personat e angazhuar me marrëveshje, prioritet në lidhje me dinamikën duhet të kenë personat që janë të angazhuar në institucionin periudhë më të gjatë kohore.

(4) Institucionet nuk guxojnë ta ndërpresin marrëveshjen me personat e caktuar në nenin 2 të këtij ligji në periudhën deri në hyrjen në fuqi të aktvendimeve nga paragrafi 1 të këtij neni, përveç nëse personat i shkelin obligimet e marra me marrëveshjen në pajtim me ligjin.

(5) Në rast të shkeljes së obligimeve të marra me marrëveshjen, marrëveshjet për punë, përkatësisht aktvendimet për punë anulohen.

Neni 4

(1) Ministria e Financave lëshon pëlqim për mjetet e siguruara financiare për transformim në marrëdhënie pune në kohë të pacaktuar pune të personave nga neni 2 të këtij ligji (në teksin e mëtejshëm: pëlqim), me kërkesë të institucioneve.

(2) Bashkë me kërkesën te Ministria e Financave, institucionet detyrimisht dorëzojnë vërtetim për pagesat e kryera për tre muajt e fundit duke llogaritur deri më 30.11.2014, si dhe për muajt e njëpasnjëshëm prej kësaj date deri në ditën e miratimit të aktvendimit për punësim, përkatësisht lidhjes së marrëveshjes për punësim.

(3) Për institucionet që janë vijë e dytë e shfrytëzuesve buxhetorë kërkesa për pëlqim dorëzohet përmes organit kompetent, përkatësisht shfrytëzuesit buxhetorë nga vija e parë.

Neni 5

(1) Procedura për paraqitje të personave me të cilët janë lidhur marrëveshjet për punë, përkatësisht për të cilët janë miratuar aktvendimet për punësim, në Agjencinë e Punësimit të Republikës së Maqedonisë, krahas dokumentacionit të përcaktuar përfshinë edhe dorëzimin e pëlqimit nga neni 4 të këtij ligji.

(2) Personat që do ta realizojnë të drejtën nga neni 3 të këtij ligji, në afat prej gjashtë muajsh detyrohen t'i plotësojnë kushtet e përgjithshme dhe të posaçme për punësim në vendin përkatës të punës të përcaktuara me ligj dhe me aktet për sistematizim të institucionit.

Neni 6

(1) Institucionet nuk guxojnë të angazhojnë persona me marrëveshje për volontim në peridhë më të gjatë se 6 muaj.

(2) Personi që ka qenë i angazhuar me marrëveshje volontere gjashtë muaj në institucion, nuk mund përsëri të angazhohet me marrëveshje për volontim në tre vitet e ardhshme në institucionin e njëjtë apo në institucion tjetër.

(3) Institucionet për çdo person të angazhuar me marrëveshje për volontim detyrohen ta njoftojnë Ministrinë e Punës dhe Politikës Sociale që mban regjistër për personat e angazhuar me marrëveshje për volontim.

(4) Përmbajtjen dhe formën e regjistrit, si dhe mënyrën e mbajtjes së regjistrit nga paragrafi 3 të këtij neni i përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale.

Neni 7

(1) Institucionet angazhojnë persona me marrëveshje për volontim pas pëlqimit të siguruar nga Ministria e Financave.

(2) Me kërkesën për pëlqim nga Ministria e Financave, institucionet detyrimisht dorëzojnë edhe vërtetim nga regjistri i volonterëve për kohëzgjatjen e punës volontere të lëshuar nga Ministria e Punës dhe Politikës Sociale.

(3) Për institucionet që janë vijë e dytë e shfrytëzuesve buxhetorë kërkesa për pëlqim dorëzohet përmes organit kompetent, përkatësisht shfrytëzuesit buxhetor nga vija e parë.

Neni 8

(1) Institucionet nuk guxojnë të angazhojnë persona për kryerje të punës fizike dhe/apo intelektuale, në bazë të marrëveshjes për vepër më tepër se 1% nga numri i përgjithshëm i të punësuarve në fund të vitit paraprak, përkatësisht më tepër se tre persona në institucionet në të cilat numri i përgjithshëm i të punësuarve është më i vogël se 300 persona.

(2) Institucionet nuk guxojnë të angazhojnë persona për kryerje të punës fizike dhe/apo intelektuale, në bazë të marrëveshjes për vepër për periudhë më të gjatë se 24 muaj.

Neni 9

(1) Me përjashtim nga neni 8, institucionet mund të angazhojnë persona mbi përqindjen e përcaktuar edhe me kohëzgjatje më të madhe nga e parapara pas pëqlimit të siguruar paraprakisht nga Ministria e Financave.

(2) Institucionet gjatë angazhimit të personave me marrëveshje për vepër, kompensimi i të cilit është më i madh se dy neto rroga mesatare në Republikën e Maqedonisë, të paguara në vitin paraprak, të publikuar nga Enti Shtetëror i Statistikës i Republikës së Maqedonisë, detyrimisht duhet të sigurojnë pëlqim nga Ministria e Financave.

Neni 10

Kufizimet nga nenet 8 dhe 9 të këtij ligji nuk kanë të bëjnë me:

- personat e angazhuar në projekte dhe njësi të projekteve të financuara nga burimet e huaja - hua dhe donacione dhe

- personat profesionalë që angazhohen për nevoja të: Këshillit për Furnizime Publike dhe Byrosë për Ekspertiza Gjyqësore.

DISPOZITA NDËSHKUESE

Neni 11

(1) Personi që udhëheq me institucionin që do të angazhojë person me marrëveshje për volontim prej gjashtë muajsh apo do të angazhojë person me marrëveshje për volontim në periudhë prej tri vitesh pas kalimit të volontimit paraprak do të dënohet me dënim me burg prej gjashtë muaj deri në tri vjet.

(2) Marrëveshjet e lidhura për volontim që janë rezultat i veprimeve të këtij neni janë të pavlefshme.

Neni 12

(1) Personi që udhëheq me institucionin që do të lidh marrëveshje për volontim pa pëlqim të siguruar nga Ministria e Financave do të dënohet me dënim me burg prej gjashtë muaj deri në tri vjet.

(2) Marrëveshjet e lidhura për volontim që janë rezultat i veprimeve të këtij neni janë të pavlefshme.

Neni 13

(1) Personi që udhëheq me institucionin që do të angazhojë persona për kryerje të punës fizike dhe/apo intelektuale, në bazë të marrëveshjes për vepër dhe/apo marrëveshjes së autorit apo marrëveshjes tjetër me të cilën personi angazhohet për kryerje të punës në përqindje më të madhe se 1% nga numri i përgjithshëm i të punësuarve në fund të vitit paraprak, por e cila nuk ka pëlqim për këtë nga Ministria e Financave do të dënohet me dënim me burg prej gjashtë muaj deri në tri vjet.

(2) Personi që udhëheq me institucionin që ka së paku 300 të punësuar, e që do të angazhojë më tepër se 3 persona për kryerje të punës fizike dhe/apo intelektuale në bazë të marrëveshjes për vepër dhe/apo marrëveshjes së autorit apo marrëveshjes tjetër me të cilën personi angazhohet për kryerje të punës, por e cila nuk ka pëlqim nga Ministria e Financave do të dënohet me burg prej gjashtë muaj deri në tri vjet.

(3) Personi që udhëheq me institucionin që do të angazhojë persona për kryerje të punës fizike dhe/apo intelektuale, në bazë të marrëveshjes për vepër dhe/apo marrëveshjes së autorit apo marrëveshjes tjetër me të cilën personi angazhohet për kryerje të punës në kohëzgjatje më të gjatë se 24 muaj, por e cila nuk ka pëlqim nga Ministria e Financave do të dënohet me dënim me burg prej gjashtë muaj deri në tri vjet.

(4) Në llogaritjen e përqindjes, përkatësisht në përcaktimin e numrit të marrëveshjeve të lidhura nuk llogariten marrëveshjet e rregulluara me nenin 10 të këtij ligji.

(5) Marrëveshjet e lidhura që janë rezultat i veprimeve të këtij neni janë të pavlefshme.

Neni 14

Personi që udhëheq me institucionin që do të angazhojë persona me marrëveshje për vepër dhe/apo marrëveshje të autorit apo marrëveshje tjetër me të cilën personi angazhohet për kryerje të punës, kompensimi i të cilit është më i madh se dy neto rroga mesatare në Republikën e Maqedonisë, të paguara në vitin paraprak, të publikuara nga Enti Shtetëror i Statistikës i Republikës së Maqedonisë, e që nuk ka siguruar pëlqim nga Ministria e Financave, do të dënohet me dënim me burg prej gjashtë muaj deri në tri vjet.

DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 15

Personat nga neni 2 të këtij ligji që kanë lidhur marrëveshje për punësim, përkatësisht për të cilët është miratuar aktvendim për punësim, vazhdojnë me angazhimin në institucion deri në hyrjen në fuqi të marrëveshjes, përkatësisht aktvendimit për punësim dhe për ta nuk kanë të bëjnë kufizimet e parapara me këtë ligj.

Institucionet të cilat për transformimin në marrëdhënie pune në kohë të pacaktuar të personave nga neni 1 i këtij ligji duhet t'i harmonizojnë aktet për sistematizimin e vendeve të punës, të njëjtat do të duhet t'i miratojnë më së voni në afat prej 14 ditësh pune nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, sipas rregullave në fuqi deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 16

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**405.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**

Се прогласува Законот за Академијата за судии и јавни обвинители,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 февруари 2015 година.

Бр. 08 – 742/1
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на Законот**

Член 1

Со овој закон се основа и се уредува работењето на Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст: Академијата) како јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, обука на субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството, вршење на аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика, органите на управувањето и финансирањето на Академијата.

**Цел на основање на Академијата**

Член 2

Цел на основање на Академијата е да обезбеди професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавно- обвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство.

**Дејност на Академијата**

Член 3

(1) Академијата врши прием и стручно усовршување на идните судии и јавниобвинители, континуирано стручно усовршување и унапредување на знаењата на

веќе избраните судии и јавни обвинители при вршењето на нивната функција, како и усовршување и обука за професионално, етичко и стручно извршување на работните задачи на субјектите од членот 1 на овој закон, во согласност со закон и меѓународните стандарди и принципи.

(2) Академијата својата дејност ја спроведува преку:

- прием на слушатели на почетна обука по пат на организирање и полагање на приемен испит,
- организирање и спроведување на почетна обука на идните кандидати за судии и јавни обвинители во основните судови и основните јавни обвинителства и спроведување на завршен испит,
- организирање и спроведување на континуирана обука за унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители,
- организирање и спроведување на континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, како и обука на субјектите наведени во членот 1 од овој закон,
- спроведување на аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика и
- врши и други работи утврдени со закон и Статутот на Академијата (во натамошниот текст: Статутот).

(3) Заради спроведување на дејноста, Академијата:

- организира и спроведува домашни и меѓународни конференции, тркалезни маси, семинари, студиски програми за стручни посети и други форми на обука и стручно усовршување,
- воспоставува и одржува соработка на полето на обуката со сродни домашни и странски институции, организации, здруженија и фондации, посебно со професионалните здруженија на судиите и јавните обвинители и коморите, а заради развој на концептот на интердисциплинарна и социјална димензија на обуките,
- соработува со европските мрежи на институциите за обука, Лисабонската мрежа при Советот на Европа и Европската мрежа за тренинг на Европската унија, остварува меѓународна размена на судии, јавни обвинители, како и субјектите наведени во членот 1 од овој закон,
- организира и води библиотека,
- издава публикации и врши друга издавачка дејност за свои потреби,
- остварува соработка со правните факултети заради развој на програми за професионално ориентирање и подготвување на студентите од правните факултети за прием во Академијата и
- организира и учествува во истражувачки проекти и други дејности од значење за унапредување и усовршување на обуките во правосудството.

Член 4

(1) Академијата има својство на правно лице.

(2) Седиштето на Академијата е во Скопје.

**Акти на Академијата**

Член 5

(1) Основен акт на Академијата е Статутот.

(2) Со Статутот се уредуваат:

- Називот, внатрешната организација и начинот на вршењето на дејноста на Академијата,
- управувањето и раководењето со Академијата,
- правата и обврските на субјектите од членот 1 на овој закон,
- составот, начинот на формирањето, како и начинот на одлучување и делокругот на работа на органите и телата на Академијата,
- правата, обврските и одговорностите на Академијата во правниот промет,
- приемот на слушатели во почетна обука,
- содржината на програмите за приемен испит, почетна обука, програмите за континуирана обука, програмата за практицирање на судиската и јавно обвинителската функција и други специјализирани програми,
- критериумите за избор на предавачи и ментори,
- начинот на финансирање и употреба на средствата за работа на Академијата и
- други прашања.

(3) Статутот го донесува Управниот одбор на Академијата со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(4) Статутот и другите општи акти на Академијата се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија” и на веб страницата на Академијата и на друг начин со кој се овозможува нивна достапност до јавноста.

**Печат на Академијата**

Член 6

(1) Академијата има печат.

(2) Печатот го содржи името Република Македонија, грбот на Република Македонија, називот и седиштето на Академијата.

(3) Формата и содржината на печатот, изгледот на знаците и другите обележја и начинот на користењето се уредува со Статутот на Академијата.

Член 7

Во Академијата не е дозволено политичко и партиско организирање и дејствување.

**Соодветна и правична застапеност во органите на Академијата**

Член 8

При конституирањето на органите и телата на Академијата, назначувањето на предавачите и менторите, конституирањето на Комисијата за приемен испит, Комисијата за завршен испит и Комисијата за верификација се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија, без да се нарушат критериумите утврдени со овој закон.

**Правична застапеност**

Член 9

При селекцијата на кандидатите за прием во почетната обука во Академијата, без да се нарушат критериумите предвидени со овој закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

II. ОРГАНИ НА АКАДЕМИЈАТА

Член 10

Органи на Академијата се Управниот одбор, директорот, заменикот на директорот и Програмскиот совет.

**Управен одбор**

Член 11

(1) Управниот одбор е орган на управување на Академијата и го сочинуваат 9 члена.

(2) Четири члена и нивни заменици во Управниот одбор предлага Судскиот совет на Република Македонија и тоа по еден член од редовите на судиите од Врховниот суд на Република Македонија, од апелационите судови, од основните судови, како и еден член од Управниот суд или од Вишиот управен суд.

(3) Четири члена и нивни заменици во Управниот одбор предлага Советот на јавни обвинители на Република Македонија и тоа по еден член од редовите на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Македонија, од вишите јавни обвинителства, од основните јавни обвинителства и од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

(4) Министерот за правда назначува еден член и негов заменик од редот на раководните административни службеници во Министерството за правда.

(5) Во работата на Управниот одбор учествува директорот на Академијата (во натамошниот текст: директорот), без право на глас.

Член 12

(1) За член или заменик на Управниот одбор од редот на судиите и јавните обвинители можат да бидат избрани судии и јавни обвинители кои имаат положено стручен испит кој го спроведува Академијата.

(2) Одредбите за начинот на спроведување на испитот за директор соодветно се применуваат и при спроведување на испитот за членовите на Управниот одбор.

(3) Членовите на Управниот одбор задолжително треба активно да познаваат еден од јазиците на Европската унија, од кои задолжително англискиот јазик што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат. Членовите на Управниот одбор треба да да поседуваат интегритет за вршење на функцијата, за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови.

(4) Формата и содржината на психолошкиот тест и тестот за интегритет, ги уредуваат Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

(5) Психолошкиот тест кој го спроведува Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата член на Управниот одбор.

(6) Тестот за интегритет кој го спроведува Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија се заснова врз постојните етички и професионални кодекси и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на фунцијата член на Управниот одбор и се состои од тест кој се спроведува во писмена форма и анонимно, врз основа на стандардно утврдена листа на прашања.

(7) Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија се должни при спроведувањето на психолошкиот тест и тестот за интегритет, да водат сметка за заштита на личните податоци, угледот и достоинството на кандидатот, согласно со закон.

(8) За спроведувањето на психолошкиот тест и на тестот за интегритет Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија ангажираат стручни лица од независна и целосно акредитирана професионална институција.

(9) Психолошкиот тест се спроведува врз основа на меѓународно признати психолошки тестови кои се применуваат во најмалку една од земјите членки на Европската унија и ОЕЦД.

Член 13

Управниот одбор ги врши следниве работи:

- донесува Статут и други општи акти на Академијата и го следи нивното извршување,
- избира претседател на Управниот одбор и негов заменик,
- го именува, утврдува престанок на мандатот и го разрешува директорот и заменикот на директорот,
- одлучува за времено отстранување од работа на директорот при поведена постапка за разрешување,
- констатира и утврдува престанок и разрешување на член и заменик-член на Управниот одбор,
- назначува и утврдува престанок и разрешување на член и заменик-член на Програмскиот совет,
- ја избира и конституира Комисијата за приемен испит и Комисијата за завршен испит, го избира претседателот на Комисијата за приемен испит и претседателот на Комисијата за завршен испит, утврдува престанок на функцијата на членовите на Комисијата за приемен испит и Комисијата за завршен испит и нивните заменици и ги усвојува нивните извештаи за текот на постапката за полагање на испитите,
- ја утврдува листата на предавачи по предлог на директорот,
- ја утврдува листата на предавачи кои ги изготвуваат прашањата за почетната обука како и листата на предавачи кои ќе ги изготвуваат прашањата за испити утврдени со посебен закон,
- ги разрешува предавачите на Академијата од редот на судиите и јавните обвинители по предлог на директорот,
- ја утврдува листата на ментори по предлог на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија и го утврдува престанокот на својството на ментор по предлог на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија,
- по предлог на Програмскиот совет, утврдува програми за приемен испит, за почетна обука и за завршниот испит, програми за континуирана обука, програма за практицирање на судиската и јавнообвинителската функција, општи и специјализирани програми за обука,
- донесува годишен финансиски план што го доставува до надлежните органи,
- го утврдува начинот на користењето на средствата за работа на Академијата,
- донесува стратешки план на Академијата,
- ја усвојува завршната сметка и Програмата за работа на Академијата поднесена од директорот,
- најдоцна до 1 март во тековната година, усвојува годишен извештај за работата на Академијата во претходната година и го доставува до институциите застапени во Управниот одбор,
- дава насоки за соработката со сродни институции, организации и здруженија од земјата и од странство, за меѓународни проекти, грантови и донации,
- донесува Деловник за својата работа,
- донесува акти за внатрешната организација и систематизација на работните места и други општи акти, по предлог на директорот,
- донесува одлуки, решенија и заклучоци и
- врши други работи утврдени со овој закон и со Статутот.

**Мандат на членовите на Управниот одбор**

Член 14

Мандатот на членовите и нивните заменици на Управниот одбор, освен на членовите по функција, трае две години со право на уште еден избор.

**Престанок на мандатот и разрешување на член на Управниот одбор**

Член 15

(1) На член и на заменик-член на Управниот одбор му престанува мандатот:

- по негово барање,
- поради смрт,
- ако му престане функцијата или работниот однос во органот каде што ја извршува функцијата или има засновано работен однос и
- ако е спречен да ја врши функцијата член или заменик-член на Управниот одбор подолго од шест месеци поради болест или други оправдани причини.

(2) Член и заменик-член на Управниот одбор се разрешува поради:

- нестручно и несовесно вршење на функцијата во Управниот одбор,
- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност и
- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење над шест месеци.

(3) Во случаите од ставот (1) или (2) на овој член, органот кој го назначил членот, односно заменик-членот кој е разрешен или чиј мандат престанал, номинира нов член, односно заменик-член најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за разрешување, односно престанок на мандатот.

(4) Мандатот на новоназначениот член, односно заменик-член на Управниот одбор трае до истекот на мандатот за кој членовите на Управниот одбор се назначени.

(5) До назначување на нов член на Управниот одбор, функцијата член ја врши заменик-членот, а до изборот на нов претседател на Управниот одбор функцијата претседател ја врши заменик-претседателот на Управниот одбор.

**Претседател на Управниот одбор**

Член 16

(1) Претседателот на Управниот одбор и неговиот заменик се избира од редот на судиите и јавните обвинители, членови на Управниот одбор.

(2) Мандатот на претседателот и заменик-претседателот на Управниот одбор трае една година, со можност за уште еден избор.

**Начин на работа на Управниот одбор**

Член 17

(1) Работите од својот делокруг Управниот одбор ги врши на јавна седница.

(2) Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Управниот одбор.

(3) Седница на Управниот одбор може да се свика и по барање на директорот или на член на Управниот одбор.

(4) Управниот одбор одржува седница ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(5) Се смета дека членот на Управниот одбор е присутен доколку постои двонасочна телефонска или друга врска (видеоконференциска), која гарантира идентификација и дозволува учество во дискусијата и донесувањето на одлуката. Гласот на овој член се потврдува во записник од страна на присутните членови на Управниот одбор.

(6) За секоја седница се води записник кој го потпишуваат претседавачот на седницата и записничарот. Седницата може да се сними и аудиовизуелно.

**Начин на одлучување на Управниот одбор**

Член 18

(1) Управниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(2) Доколку не се обезбеди потребното мнозинство од ставот (1) на овој член, седницата се одлага и претседателот веднаш закажува нова седница која ќе се одржи најдоцна во рок од осум дена.

**Надоместок на трошоци на членовите на Управниот одбор**

Член 19

Претседателот и членовите на Управниот одбор имаат право на надоместок на патни и дневни трошоци, согласно со прописите со кои се уредуваат тие прашања, освен членовите по функција.

**Директор и заменик на директор**

Член 20

(1) Директорот е раководен и извршен орган на Академијата. Директорот има заменик.

(2) Директорот и заменикот на директорот ги именува Управниот одбор врз основа на јавен оглас кој се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и во најмалку два дневни весници од кои еден од весниците кои се издаваат на македонски јазик и еден од весниците кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Управниот одбор е должен одлуката за распишување на јавен оглас за избор на директор и заменик на директор да ја донесе најмалку 9 месеци пред истекот на мандатот на директорот, односно заменикот на директорот.

(4) Рокот за пријавување на јавниот оглас е 15 дена од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".

(5) За директор, односно заменик на директор се именува лице кое има најмалку осум години работен стаж како судија или јавен обвинител, со високи професионални и стручни особини и резултати во работењето, кое има положено испит за директор согласно одредбите од овој закон и кое активно познава еден од јазиците на Европската унија, од кои задолжително англискиот јазик што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ.

Директорот, односно заменикот директор треба да поседуваат интегритет за вршење на функцијата, за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови, согласно одредбите од овој закон.

(6) Психолошкиот тест кој го спроведува Управниот одбор на Академијата има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата директор односно заменик директор.

(7) Тестот за интегритет кој го спроведува Управниот одбор на Академијата се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на функцијата директор односно заменик директор и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на фунцијата директор односно

заменик директор и се состои од тест кој се спроведува во писмена форма и анонимно, врз основа на стандардно утврдена листа на прашања.

(8) Управниот одбор на Академијата е должен при спроведувањето на психолошкиот тест и тестот за интегритет, да води сметка за заштита на личните податоци, угледот и достоинството на кандидатот, согласно со закон.

(9) За спроведувањето на психолошкиот тест и првиот дел на тестот за интегритет Управниот одбор на Академијата ангажира стручни лица од независна и целосно акредитирана професионална институција.

(10) Психолошкиот тест се спроведува врз основа на меѓународно признати психолошки тестови кои се применуваат во најмалку една од земјите членки на Европската унија и ОЕЦД.

(11) Начинот за именување и разрешување на директорот и заменикот на директорот се уредува со Статутот и општите акти на Академијата.

Заменикот на директорот го заменува директорот во случај кога тој е отсутен, или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција. Заменикот на директорот врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери.

**Полагање на испитот за директор**

Член 21

(1) Испитот за директор од членот 20 од овој закон (во натамошниот текст: испит за директор) се состои од два дела, и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретско знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.

(2) Првиот дел од испитот се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер со избирање на еден точен одговор од понудените можни решенија.

(3) Прашањата од првиот дел на испитот се од областа на правосудството, правосудниот менаџмент, управување со процеси, управување со човечки ресурси, управување со време и деловна комуникација

(4) Вториот дел од испитот се состои од:

- практичен пример кој содржи конкретен случај и
- одговори на прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

(5) Начинот на полагање испит за директор се уредува со подзаконски акт што го донесува Управниот одбор на Академијата.

**Изготвување и верификација на прашањата за испитот за директор**

Член 22

(1) Базите на прашања за првиот дел и базите на практични примери за вториот дел на испитот ги изготвуваат научни работници со звање доктор на науки од областа на правосудството и економијата, определени од Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

(2) Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот ги верификува комисија, определена од Управниот одбор на Академијата составена од:

- еден претставник од Судскиот совет на Република Македонија
- еден претставник од Советот на јавни обвинители на Република Македонија и
- три претставника од редот на научни работници со звање доктор на науки од областа на правосудството и економијата.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практичните примери за испитот најмалку еднаш годишно.

(4) При ревизијата комисијата особено ги има предвид промените на практиката и стандардите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базите од ставот (1) на овој член.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери, комисијата одлучува прашањата и практичните примери да бидат изменети или целосно отстранети од базите од ставот (1) на овој член.

(6) Научните работници од ставот (1) на овој член и членовите на комисијата за верификација од ставот (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определелува Управниот одбор на Академијата.

(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и практични примери, како и сложеноста на материјата.

(8) Годишниот паричен надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува нивото на една просечна исплатена плата во Република Македонија, во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика на Република Македонија.

**Надлежни субјекти за вршење на стручно-административните работи и за техничкото спроведување на испитот за директор**

Член 23

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот ги врши Академијата, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија избрано од Управниот одбор на Академијата.

**Снимање на полагањето на испитот за директор**

Член 24

(1) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Академијата, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Академијата.

(3) Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опременост на просториите за полагање на испитот ги пропишува Управниот одбор на Академијата.

(4) Во просторијата за полагање на испитот, за време на полагање на испитот, се присутни пет претставници од кои еден претставник од Судскиот совет на Република Македонија и еден претставник од Советот на јавни овбинители на Република Македонија и еден претставник од Управниот одбор на Академијата и

двајца претставници од редот на информатичарите во Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

**Правила на однесување за време на полагањето на испитот за директор**

Член 25

(1) Пред почетокот на полагањето на испитот претставниците од Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија го утврдуваат идентитетот на кандидатот со увид во лична карта и води записник за полагањето на испитот.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на стручна литература, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење единствено на стручна литература која во електронска верзија се наоѓа на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од членот 24 став (4) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.

(9) Претставниците од членот 24 став (4) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

**Начин на одговарање на прашањата од испитот за директор и воспоставување на единствен електронски систем за полагање на испитот**

Член 26

(1) Полагањето на првиот дел од испитот се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од испитот се врши со проучување на практичниот пример и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од практичниот пример, во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: практичен пример).

(4) Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот и нивните одговори, како и практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичните примери и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на испитот, кој го воспоставува Управниот одбор на Академијата.

(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 300 прашања за првиот дел од испитот, како и јавно достапна база од најмалку 50 практични примери за вториот дел од испитот.

(7) Во електронскиот систем од ставот (5) на овој член е содржано посочување на стручната литература од која произлегуваат одговорите на прашањата од испитот.

(8) Бројот на прашањата и практичните примери во базите од ставот (6) на овој член се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2016 година.

(9) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

**Начин на полагање на испитот за директор**

Член 27

(1) На денот на полагањето на првиот, односно вториот дел од испитот претставниците на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија му даваат на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 26 од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 26 од овој закон.

(3) Првиот и вториот дел од испитот содржат упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставниците на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија даваат појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем од членот 26 од овој закон не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

**Прекинување, продолжување и презакажување на полагањето на испитот за директор**

Член 28

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 26 став (5) од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

**Времетраење на првиот и вториот дел од испитот за директор и успешно положување на испитот за директор**

Член 29

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 90 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

(3) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од практичниот пример од вториот дел изнесува 90 минути.

(4) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

**Информирање за направени грешки во тестот за полагање на испитот за директор**

Член 30

На барање на кандидатот Управниот одбор на Академијата го информираат за направените грешки во тестот за полагање на испитот, со овозможување непосреден увид во тестот.

**Комисија за ревизија на одржаните испити за директор**

Член 31

(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на испитот.

(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на испитот и спецימените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Академијата.

(3) Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија формираат комисија за ревизија на одржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од став (2) на овој член и во која членуваат и претставници од Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни овбинители на Република Македонија.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку два испити одржани во тековната година.

**Права и должности на директорот**

Член 32

Директорот ги има следниве права и должности:

- раководи со работењето на Академијата,
- ја застапува и ја претставува Академијата пред домашните и меѓународните институции,
- ги извршува одлуките на Управниот одбор,
- ја координира и организира работата на Академијата,
- се грижи за обезбедување на услови за секојдневно функционирање на Академијата,
- до Управниот одбор поднесува предлог-програма за работа на Академијата,
- до Управниот одбор поднесува годишен извештај за работата на Академијата,
- учествува во изготвувањето на сите програми за обука од надлежност на Академијата,
- учествува во работата на Управниот одбор и претседава со седниците на Програмскиот совет,
- предлага листа на предавачи,
- воспоставува и одржува соработка со сродни домашни и странски институции за унапредување на обуката,
- раководи со службата за стручно, административно-технички и помошни работи на Академијата,
- управува со финансиските средства и со имотот на Академијата,
- предлага изменување и дополнување на Статутот и другите општи акти на Академијата,
- одговара за законитоста во работењето на Академијата и
- врши и други работи согласно со овој закон, Статутот и општите акти на Академијата.

Член 33

(1) Платата на директорот се определува на нивото на платата на судија во Врховниот суд на Република Македонија, односно јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија, утврдени со закон.

(2) Платата на заменикот на директорот се определува на нивото на платата на судија во апелационен суд, односно јавен обвинител во вишо јавно обвинителство, утврдени со закон.

**Мандат на директорот и заменикот на директорот**

Член 34

Директорот и заменикот на директорот се именуваат за време од четири години, со право на повторен избор.

**Престанок на мандатот и разрешување на директорот и заменикот на директорот**

Член 35

(1) На директорот и на заменикот на директорот им престанува мандатот пред истекот на времето за кое се именувани:

- поради смрт,
- на негово барање,
- ако е утврдена трајна неспособност за работа и
- ако ги исполнува условите за пензионирање.

(2) Директорот и заменикот на директорот се разрешуваат пред истекот на мандатот за кој се именувани:

- поради нестручно и несовесно вршење на функцијата,
- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност и
- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење над шест месеци.

(3) Против одлуката на Управниот одбор за разрешување на директорот, односно заменикот на директорот, директорот, односно заменикот на директорот има право на управен спор пред надлежен суд.

(4) До именувањето на нов директор Управниот одбор ќе определи вршител на должноста директор од редот на членовите на Управниот одбор.

**Програмски совет**

Член 36

(1) Програмскиот совет е стручен орган на Академијата.

(2) Програмскиот совет е составен од седум члена и нивни заменици кои ги назначува Управниот одбор од редовите на судиите, јавните обвинители, раководните државни службеници од Министерството за правда, како и други истакнати правници од научната и истражувачката правна мисла во областа на правосудството.

Член 37

(1) За член и негов заменик на Програмскиот совет може да биде назначен:

- активен судија или јавен обвинител со најмалку шест години работно искуство како судија или јавен обвинител,

- редовен или вонреден професор по правни науки или истакнати правници со академско звање доктор на науки со најмалку шест години работно искуство во одредена правна област и

- раководен државен службеник од Министерството за правда со најмалку четири години работно искуство на работи од областа на правосудството.

(2) Членовите и нивните заменици на Програмскиот совет треба да поседуваат високи стручни квалитети и углед во вршењето на функцијата и професијата, кои имаат потврдени резултати во работењето, на трудови, на написи и да имаат искуство во наставната или менторската работа поврзана со областа на правосудството.

(3) Мандатот на членовите и нивните заменици на Програмскиот совет трае две години, со право на уште еден избор.

(4) Членови и нивни заменици на Програмскиот совет не можат да бидат членовите и нивните заменици на Управниот одбор на Академијата, Комисијата за приемен испит и Комисијата за завршен испит.

(5)Членови и нивни заменици на Програмскиот совет можат да бидат предавачи во Академијата.

(6) За член односно заменик на членот на Програмскиот совет може да биде назначено лице кое задолжително треба активно да познава еден од јазиците на Европската унија, од кои задолжително англискиот јазик што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ.

(7) Членот односно заменикот на членот на Програмскиот совет треба да поседуваат интегритет за вршење на функцијата, за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови, согласно одредбите од овој закон.

Член 38

(1) Членовите на Програмскиот совет и нивните заменици ги назначува Управниот одбор врз основа на номинациите од страна на институциите застапени во Управниот одбор на Академијата. Номинациите на кандидатите се доставуваат до Академијата со биографија.

(2) Номинацијата на членовите и нивните заменици на Програмскиот совет се врши на следниов начин:

- Врховниот суд на Република Македонија на општа седница номинира двајца членови и нивни заменици и тоа едниот член и негов заменик од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија, а вториот член и негов заменик од редот на судиите на пониските судови или Управниот суд односно Вишиот управен суд,

- Јавното обвинителство на Република Македонија номинира двајца членови и нивни заменици од редот на Јавното обвинителство на Република Македонија и тоа еден член и негов заменик од редот на Јавното обвинителство на Република Македонија, а вториот член и неговиот заменик од редот на пониските јавни обвинителства на Република Македонија,

- Судскиот совет на Република Македонија номинира еден член и негов заменик од редот на своите членови,

- Советот на јавните обвинители на Република Македонија номинира еден член и негов заменик од редот на своите членови, и

- министерот за правда номинира еден член и негов заменик од редот на раководните административни службеници во Министерството за правда.

Член 39

(1) Програмскиот совет на Академијата:

- утврдува предлог-програма за приемен испит,

- утврдува предлог-програма за почетна обука,

- утврдува предлог-програма за завршен испит,

- утврдува предлог-програма за континуирана обука, предлог- програма за практицирање на судиската и јавнообвинителската функција и други специјализирани програми,

- го следи реализирањето на програмите и нивната ефикасност и успешност,

- ги обновува и ги развива програмите за обука, во зависност од годишната анализа на потребите за обука, извршената евалуација, предлозите и сугестиите на учесниците на обуките, предавачите и менторите, како и домашното и меѓународното законодавство и практика,

- дава насоки за унапредување на наставните методи и техники самостојно и во соработка со предавачите и менторите,

- дава мислење за листата на предавачи,

- врши верификација на базите на прашања и базите на студии на случај, изготвени од страна на предавачите за спроведување на приемниот и завршниот испит во Академијата.

- дава совети, предлози и сугестии на органите на Академијата за подобрување на квалитетот на наставата и

- врши други работи во согласност со овој закон, Статутот и општите акти на Академијата.

(2) При утврдувањето на предлог-програмите од ставот (1) на овој член, Програмскиот совет се раководи, покрај од позитивните прописи во Република Македонија и од меѓународното право, правото на Европската унија, праксата на Европскиот суд за човекови права и другите меѓународни судови.

**Престанок на мандатот и разрешување на член на Програмскиот совет**

Член 40

(1) На член и на заменик-член на Програмскиот совет му престанува мандатот:

- по негово барање,

- поради смрт,

- ако му престане функцијата или работниот однос во органот каде што ја извршувал функцијата или има засновано работен однос и

- ако е спречен да ја врши функцијата член или заменик-член на Програмскиот совет подолго од шест месеци поради болест или други оправдани причини.

(2) Член и заменик-член на Програмскиот совет се разрешува поради:

- нестручно и несовесно вршење на функцијата во Програмскиот совет,

- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност и

- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење над шест месеци.

(3) Во случаите од ставот (1) или (2) на овој член органот кој го номинирал членот, односно заменик-членот, кој е разрешен или чиј мандат престанал, номинира нов член, односно заменик-член, најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за разрешување, односно престанок на мандатот.

(4) Мандатот на новоназначениот член, односно заменик-член на Програмскиот совет трае до истекот на мандатот за кој членовите на Програмскиот совет се назначени.

(5) До назначување на нов член на Програмскиот совет работата на членот ја врши заменик-членот.

**Надоместок на трошоци на членовите на Програмскиот совет**

Член 41

(1) Членовите на Програмскиот совет имаат право на надоместок за извршената работа, како и право на надоместок на патни и дневни трошоци, согласно со прописите со кои се уредуваат тие прашања.

(2) Надоместокот од ставот 1 на овој член го утврдува Управниот одбор на Академијата врз основа на обемот на извршените работни задачи, нивната сложеност, како и патните и дневни трошоци утврдени согласно позитивните законски прописи.

**Начин на работа на Програмскиот совет**

Член 42

(1) Седниците на Програмскиот совет ги свикува и со нив раководи директорот на Академијата.

(2) На седниците на Програмскиот совет може да присуствуваат предавачите и менторите, како и други лица кои со своите стручни, професионални знаења и искуства можат да дадат придонес за подобрување на наставата во Академијата.

III. ПРЕДАВАЧИ

**Поим за предавачи**

Член 43

(1) Предавачите се стручни лица за спроведување на програмите за обука во Академијата.

(2) За предавачи на Академијата се ангажираат лица кои со своите активности при непосредното спроведување на програмите за обука, даваат придонес за одржување на високо ниво на знаењата и вештините на судиите, јавните обвинители, како и субјектите од членот 1 на овој закон, согласно со домашното законодавство и европските и меѓународните стандарди.

(3) Предавачите можат да бидат предавачи на Академијата и предавачи по потреба.

(4) Начинот на изготвувањето, бројот, мандатот и составот на предлог-листата на предавачите, надоместоците, како и поблиските критериуми за евалуација на учесниците на почетната и континуираната обука, се уредува со Статутот и општите акти на Академијата, согласно со начелата на јавност, стручност и еднаков пристап.

(5) Правата и обврските на предавачите се уредуваат со договор склучен меѓу нив и Академијата, согласно со Статутот и општите акти на Академијата.

**Предавачи на Академијата**

Член 44

(1) Предавачи на Академијата се домашни и странски судии и јавни обвинители, адвокати и универзитетски професори, кои се ангажираат во програмите за почетна и програмите за континуирана обука на Академијата, нотари, медијатори, извршители и раководни административни службеници.

(2) Предавачи на Академијата од ставот (1) на овој член од редот на домашните судии и јавни обвинители, адвокати, нотари, медијатори, извршители и раководни државни службеници може да бидат лица кои имаат завршена обука за тренинг на предавачи (тренери) организиран од Академијата.

(3) Доколку предавач одбие да спроведе обука, се брише од листата на предавачи.

Член 45

(1) Предавачите на Академијата се определуваат од редот на судиите и јавните обвинители, адвокати или универзитетски професори со шест години работно искуство како судија или јавен обвинител.

(2) Предавачи во областа на континуираната обука можат да бидат и членовите на Управниот одбор, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и директорот на Академијата, без надоместок.

(3) Лицата од ставот (2) на овој член можат да држат предавања и на слушателите на почетна обука, но без надоместок и право да ги оценуваат слушателите, согласно со општите акти со кои се уредува спроведувањето на почетната обука.

(4) Како предавачи во почетна обука не можат да бидат избрани членовите на Управниот одбор и нивните заменици, членовите на Комисијата за приемен испит и нивните заменици, членовите на Комисијата за верификација, како и членовите на Комисијата за завршен испит и нивните заменици.

(5) Предавачите задолжително треба да активно да познаваат еден од официјалните јазици на Европската унија, од кои задолжително англискиот јазик што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

**Предавачи по потреба**

Член 46

(1) Предавачи по потреба се стручни лица кои се ангажираат за одделна обука или циклус на обуки, по определени правни области и теми, како и за обуки за општи комплементарни и неправни области и теми од редот на истакнати стручни лица во односната област за која се ангажираат, медицина, компјутерски технологии, странски јазици, социологија, комуникациски науки, економија, психологија и од други науки, поврзани со темите од програмите за обука.

(2) Листата на предавачите по потреба ангажирани во текот на годината.

(3) Директорот е должен да ја достави на запознавање на Управниот одбор, заедно со нивните биографии и евалуацијата за спроведената обука од нивна страна.

(4) За обработка на определени нови теми и програми по образложен предлог на директорот, листата може да се проширува со нови предавачи во број определен од страна на Управниот одбор.

(5) За предавачите по потреба важат пропишаните услови од членот 45 на овој Закон.

Член 47

За подготовка и за спроведување на програмите за подготвителна настава за приемниот испит, на програмата за приемен испит, на програмите за почетна и континуирана обука на предавачите им се исплатува надоместок во висина определена со одлука на Управниот одбор.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член се определува во зависност од реализираните наставни часови, обемот на подготвените материјали за обука, обемот на спроведената проверка на стекнатите знаења од обуката и слично.

IV. МЕНТОРИ

Член 48

(1) Ментори, согласно со овој закон, можат да бидат само активни судии и јавни обвинители, со најмалку шест години работно искуство, континуирано оценувани со позитивна оцена од страна на органот што ја следи и оценува нивната работа, со способност и подготвеност за пренесување на искуствата и знаењата, а кои ја спроведуваат втората фаза од почетната обука - практичната настава.

(2) Менторите по предлог на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија ги утврдува Управниот одбор. За ментори не може да бидат избрани членовите и замениците на Управниот одбор, Програмскиот совет, Комисијата за приемен испит, Комисијата за завршен испит, претседателите и членовите на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства во Република Македонија.

(3)Поблиските услови за изборот, времетраењето на менторството, правата и обврските и надоместоците на менторите се уредуваат со Статутот и општите акти на Академијата.

(4) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член се определува во зависност од бројот на менторираните кандидати и времетраењето на нивниот менторски стаж.

(5) Ментори може да бидат лица кои покрај условите од ставот (1) на овој член имаат завршена обука за тренинг на ментори (тренери) организиран од Академијата.

V. СЛУЖБА ЗА СТРУЧНО ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ НА АКАДЕМИЈАТА

Член 49

(1) Вработените во Академијата имаат статус на административни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности се применува Законот за административни службеници.

(2) Вработените кои вршат помошни или технички работи немаат статус на административни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности се применува членот 3 од Законот за вработени во јавниот сектор.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ И СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА АКАДЕМИЈАТА

**Извори на финансирање**

Член 50

(1) Средствата за работа на Академијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку буџетот на “Судската власт”.

(2) Други извори на финансирање се:

- донации и подароци и
- самостојни приходи и приходи преку издавање на публикации, реализација на обуки за други целни групи кои се надвор од областа на правосудството и во правосудството, реализација на проекти, грантови, кои не се во спротивност со дејноста на Академијата, а во согласност со Управниот одбор.

Член 51

Буџетските средства од членот 50 став (1) на овој закон се обезбедуваат во висина за да го покријат организирањето и спроведувањето на приемниот и завршниот испит, почетната обука и задолжителната континуирана обука, согласно со овој закон.

**Простории и опрема**

Член 52

(1) Владата на Република Македонија ги обезбедува просториите и опремата за вршење на дејноста на Академијата.

(2) Академијата може да обезбеди средства за опрема и простории и со донации и грантови во согласност со Управниот одбор.

VII. ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

**Поим и цел**

Член 53

Обуката на судиите и јавните обвинители претставува организирано стекнување и усовршување на практичните и теоретските знаења и вештини потребни за независно, самостојно, стручно и ефикасно вршење на нивната функција.

**Видови на обука**

Член 54

Академијата организира почетна и континуирана обука.

**1. Почетна обука**

Член 55

Почетната обука се организира заради стекнување практични и теоретски знаења и вештини, со цел за создавање на високообучени, стручни и ефикасни кандидати за судии и јавни обвинители во основните судови и основните јавни обвинителства, како предуслов за почитување на принципот на владеењето на правото и заштитата на човековите права и слободи и создавање на квалитетна правда во интерес на граѓаните на Република Македонија.

**Слушатели на почетната обука**

Член 56

(1) Слушатели на почетната обука се лица кои по положениот приемен испит се примени во почетната обука.

(2) Вкупниот број на слушатели на почетната обука се определува врз основа на одлуките на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, земајќи го предвид вкупниот број на слободни места за судии и јавни обвинители во основните судови и основните јавни обвинителства, како и проекцијата за потребите од местата кои ќе се пополнуваат по завршување на почетната обука.

(3) Одлуките од ставот (2) на овој член на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија се доставуваат до Академијата најдоцна до 31 март во годината во која Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија со одлуките од ставот (2) на овој член го определиле вкупниот број на слушатели на почетната обука.

**Услови за прием во почетна обука**

Член 57

(1) Услови за прием во почетната обука се:

- дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование VII/I степен на правни студии со просек од најмалку 8,0 и постипломски студии со просек од најмалку 8,0 или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС), со просек од најмалку 8,0 во секој од двата циклуса на универзитетските студии,
- положен правосуден испит,
- работен стаж од најмалку две години на правни работи по положен правосуден испит,
- да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност,
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го владее македонскиот јазик,
- активно да познава еден од официјалните јазици на Европската унија, од кои задолжително англискиот јазик што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ.
- Практична работа со компјутери и
- Да е работоспособен и да има општа здравствена способност.

(2) Видот, начинот и поблиските услови за вршење на здравствените прегледи и нивото на практичната работа со компјутери од ставот (1) алинеи 8 и 9 на овој член ги уредува Управниот одбор на Академијата.

**Јавен оглас за прием во почетна обука**

Член 58

(1) Управниот одбор донесува одлука за објавување на јавен оглас за прием на лица за полагање на приемниот испит во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуките од членот 56 став (2) на овој закон во Академијата.

(2) Јавниот оглас се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и во најмалку два дневни весници од кој еден од весниците кои се издаваат е на македонски јазик и еден од весниците кои се издаваат на јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Рокот за пријавување на лицата на јавниот оглас е 15 дена, сметано од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија".

**Начин на пријавување**

Член 59

(1) Секој кандидат до Академијата поднесува пријава, на образец изготвен од Академијата, во кој се содржани податоци за исполнување на условите за прием според јавниот оглас.

(2) Во образецот на пријавата од став (1) на овој член се содржани следните податоци:

- Лични податоци и ЕМБГ;
- Поблиските податоци за исполнување на условите за прием и потребните документи, согласно јавниот оглас.

(3) Заинтересираните кандидати можат да го преземат образецот на пријавата од интернет-страницата на Академијата.

(4) Пријавата со потребните документи пријавителот ги поднесува лично до лицето овластено за прием на писмена во Академијата и притоа секој кандидат добива испитна шифра.

Член 60

(1) Лицето овластено за прием на пријавите во Академијата е должно да ги прими сите пријави со приложените документи, а навременоста и уредноста на пријавите ги оценува Комисијата за приемен испит.

(2) Комисијата за приемен испит со решение ќе ги отфрли ненавремените и неуредните пријави и примерок од решението ќе достави до подносителот на пријавата.

(3) Подносителот на пријавата во рок од три дена од приемот на решението од ставот (2) на овој член има право на жалба до Управниот одбор на Академијата.

(4) Управниот одбор одлуката по жалба ја донесува во рок од 3 дена.

**Начела на приемот во почетната обука**

Член 61

(1) Приемот во почетната обука е достапен за секој кој ги исполнува условите за прием утврдени со овој закон, Статутот и општите акти на Академијата и кој успешно ќе го положи приемниот испит во една испитна сесија.

(2) Постапката за организација и полагање на приемниот испит се заснова на начелото на јавност на правилата, методите и начинот на спроведувањето, оценувањето и објавувањето на резултатите, како и работењето на Комисијата за прием во почетна обука, засновани на објективни и јавно објавени критериуми кои обезбедуваат независност, објективност, како и слободен пристап до програмата за приемен испит.

**2. Приемен испит за почетна обука**

**Цел на приемниот испит**

Член 62

Цел на приемниот испит е утврдување на степенот на стручно знаење, потребно запосетување на програмата за почетна обука.

**Подготвителна настава**

Член 63

(1) Академијата организира подготвителна настава за сите пријавени лица за прием во Академијата најмалку еднаш или повеќе пати во текот на годината.

(2) Подготвителната настава се организира најмалку 45 дена пред денот на одржувањето на приемниот испит.

**Приемен испит**

Член 64

Приемниот испит за почетната обука се организира најдоцна до 30 септември во годината во која Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, земајќи го предвид вкупниот број на слободни места за судии и јавни обвинители во основните судови и основните јавни обвинителства, како и проекцијата за потребите од местата кои ќе се пополнуваат по завршување на почетната обука, донеле одлуки и го определиле вкупниот број на слушатели на почетната обука и се состои од полагање на:

- квалификациски тест,

- психолошки тест,
- тест за интегритет и
- испит.

**Основни цели и принципи на приемниот испит**

Член 65

(1) Квалификацискиот тест е анонимен и се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер, а има за цел по пат на проверка на знаењата на пријавените кандидати на домашното материјално и процесно право, меѓународното право, правото на Европската унија и најзначајните пресуди на Европскиот суд за човекови права да ги селектира кандидатите по квалитет, определен како минимум знаење за посетување на програмата за почетна обука. Анонимноста на квалификацискиот тест се обезбедува со компјутерско шифрирање.

(2) Психолошкиот тест има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата судија и јавен обвинител.

(3) Тестот за интегритет се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на функцијата судија или јавен обвинител и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на функцијата судија или јавен обвинител и се состои од:

- тест кој се спроведува во писмена форма и анонимно, врз основа на стандардно утврдена листа на прашања и
- составен дел на тестот за интегритет е и проверка на себепроценката (self assessment), со цел за проверка за реалната проценка на кандидатот со конкретните состојби.

(4) Испитот има за цел проверка на севкупните правни знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за почетна обука, а се состои од:

- практичен дел и
- устен дел .

(5) Академијата е должна при спроведување на приемниот испит, а особено при спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет да се грижи за заштита на личните податоци, угледот и достоинството на кандидатите, согласно со закон.

**Постапка за полагање на приемен испит**

Член 66

(1) Постапката за полагање на приемниот испит се организира во Академијата, согласно со Програмата за приемен испит која се објавува најмногу три месеци пред полагањето на приемниот испит и се обновува по потреба, согласно со измените во законодавството.

(2) Начинот и поблиските услови за полагање на приемниот испит од членот 64 на овој закон, како и правата и обврските на лицата кои го полагаат приемниот испит се уредуваат со Статутот и општите акти на Академијата.

(3) Незадоволниот кандидат од постигнатите резултати на квалификациониот тест и испитот има право на приговор до Комисијата од членот 67 на овој закон во рок од три дена од денот на објавувањето на резултатите од квалификациониот тест и испитот на официјалната веб страница и Огласната табла на Академијата. Комисијата од членот 67 на овој закон е должна по приговорот да одлучи во рок од два дена сметано од денот на приемот на приговорот. Против одлуката на Комисијата од членот 67 на овој закон кандидатот има право на жалба до Управниот одбор во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

(4) Управниот одбор одлуката по жалба ја донесува во рок од три дена сметано од истекот на рокот за поднесување на жалби против одлуките на Комисијата од членот 67 на овој закон.

(5) Против резултатите од психолошкиот тест и тестот за интегритет не е дозволен посебен приговор.

**Комисија за приемен испит**

Член 67

(1) Приемниот испит се полага пред Комисијата за приемен испит (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Комисијата е составена од претседател и девет члена и нивни заменици со мандат од две испитни сесии.

(3) Управниот одбор ја избира и конституира Комисијата од ставот (1) на овој член во состав: четири члена и нивни заменици по предлог на Судскиот совет на Република Македонија од редот на судиите, два члена и нивни заменици по предлог на Советот на јавните обвинители на Република Македонија од редот на јавните обвинители, еден член и негов заменик од Здружението на судии на Република Македонија, еден член и негов заменик од Здружението на јавните обвинители на Република Македонија, еден член и негов заменик по предлог на министерот за правда од редот на раководните административни службеници во Министерството за правда и еден член и негов заменик и стручно лице – психолог.

(4) За претседател, членови и нивни заменици на Комисијата може да бидат избрани судии и јавни обвинители, како и раководни административни службеници во Министерството за правда кои во дотогашната професионална кариера се истакнуваат со својата стручност, етичност, докажани резултати во работењето и кои уживаат висок углед во правосудството.

(5) Претседателот на Комисијата, Управниот одбор го избира од редот на судиите и јавните обвинители.

(6) Членовите и замениците на Управниот одбор, Програмскиот совет, Комисијата за завршен испит, директорот на Академијата, како и предавачите и менторите кои во тој период се ангажирани во почетната обука, не можат да бидат членови на Комисијата од ставот (1) на овој член.

(7) Член на Комисијата од ставот (1) на овој член не може да биде претседателот, ниту членовите на Судскиот совет на Република Македонија или Советот на јавните обвинители на Република Македонија, министерот, односно заменик-министерот за правда.

(8) За спроведувањето на психолошкиот тест Академијата ангажира стручни лица од независна и целосно акредитирана професионална институција.

(9) Психолошкиот тест ќе се спроведе врз основа на меѓународно признати психолошки тестови за вршење на функцијата судија или јавен обвинител.

**Надоместок за работа**

Член 68

Претседателот и членовите на Комисијата од членот 67 од овој закон имаат право на надоместок чија висина со посебен акт ја утврдува Управниот одбор на Академијата, а земајќи ги предвид бројот на пријавените кандидати, времетраењето на приемниот испит, сложеноста на активностите на подготовка и спроведување на приемниот испит, како и присуството на седници на Комисијата.

**Полагање на приемниот испит**

Член 69

(1) Приемниот испит се полага пред Комисијата од членот 67 на овој закон во полн состав.

(2) За текот и постапката на полагањето на приемниот испит претседателот на Комисијата од членот 67 на овој закон пред Управниот одбор поднесува извештај.

(3) Управниот одбор го усвојува извештајот за спроведувањето на приемениот испит, на начин и во постапка уредена со Статутот на Академијата.

**Квалификациски тест**

Член 70

(1) Квалификацискиот тест содржи сто прашања од кои:

- 20 од областа на кривичното право;
- 20 од областа на граѓанското право;
- 15 од областа на меѓународното право;
- 15 од областа на Правото на ЕУ;
- 10 од областа на трговското право;
- 10 од областа на уставното право;
- 10 од областа на управното право;

(2) Прашањата и понудените одговори ги подготвуваат предавачите на Академијата, определени од Управниот одбор на Академијата, при што за секоја област се изготвуваат најмалку 20 пати повеќе прашања од предвидениот број на прашања за квалификацискиот тест.

(3) Предавачите од став (2) на овој член се должни да подготват по 5 одговори за секое прашање, така што едниот е точен, два одговори се неточни, а се слични со точниот одговор, еден одговор не е точен во мал обем, (на него се губат мал број поени), и еден одговор не е точен во голем обем, (на него се губат поголем број поени).

(4) Подготвените прашања со понудените одговори имаат карактер на класифицирани информации со степен „интерно“ и со нив се постапува согласно Законот за класифицирани информации.

(5) Подготвените прашања се предаваат на Академијата во електронска форма.

**Начин на спроведување на квалификацискиот тест**

Член 71

(1) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Академијата, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Академијата.

(3) Во просторијата за полагање на испитот, за време на полагање на испитот, покрај Комисијата за примен испит во полн состав, секретарот на Комисијата и помошник-секретарот на Комисијата, присутен е и информатичар кој се грижи за беспрекорно функционирање на техничката и компјутерската опрема.

(4) Пред почетокот на полагањето на кандидатите им се утврдува идентитетот врз основа на важечка лична карта или патна исправа при што кандидатот добива пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристапот во електронскиот систем, за полагање на квалификацискиот тест.

(5) Претседателот го објаснува начинот на решавање на тестот, како и го објавува почетокот на истиот.

(6) Полагањето на квалификацискиот тест трае 200 минути.

(7) По одобрувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест за испитот, чија содржина, во моментот на логирање на кандидатот, по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем.

(8) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронскиот тест за повеќе од еден кандидат.

(9)Резултатите од полагањето од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

(10) Резултатите од квалификацискиот испит се објавуваат на веб-страницата и на огласната табла на Академијата.

**Електронски систем за полагање на квалификациски испит**

Член 72

(1) Прашањата содржани во тестовите за полагање на испитот и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на квалификациски тест.

(2) Електронскиот систем содржи и јавно достапна база од најмалку 2000 прашања од областа на утврдените предмети, за потребите на подготовка за испитот. Најмалку 50 проценти од прашањата се од стручна литература што е во употреба на највисоко рангираните 100 високообразовни установи од правните науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Циао Тонг универзитет.

(3) Прашањата се објавуваат јавно, се обновуваат еднаш годишно, а по потреба и повеќе пати заради изменување и дополнување на базата на прашања. Прашањата можат да бидат неформално преведени и на други јазици.

**Записник**

Член 73

За текот на полагањето на квалификацискиот тест, секретарот на Комисијата води записник во кој се забележуваат сите дејства преземени во текот на целата постапка на полагањето на тестот, што го потпишуваат претседателот, сите членови на Комисијата и секретарот.

**Недозволено однесување на кандидатот и техничка неможност на функционирање на електронскиот систем**

Член 74

(1) При полагањето на квалификацискиот тест, кандидатите не смеат да користат какви било електронски средства, средства за комуникација или друг вид на помагала, вклучувајќи и закони, закони со коментар и објаснување, претходно подготвени предмети, правни документи, пишуван материјал или друг извор за информации.

(2) За време на квалификацискиот тест не е дозволено напуштање на просторијата во која се одвива полагањето од страна на кандидатите, освен во случај на итност, при што ќе бидат придружувани од овластените лица кои вршат надзор над полагањето на тестот.

(3) На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица, освен со информатичарот, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(4) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок, испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(5) Ако има проблеми со повеќе од пет комјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути, испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Доколку кандидатот при полагањето на испитот постапува спротивно од став 1 и 2 од овој член, ќе биде отстранет од полагањето, неговиот тест ќе биде поништен и тој нема да биде предмет на разгледување и оценување, со што се смета дека не го положил квалификацискиот тест и истото се констатира во записникот за полагање на квалификациски тест.

(7) Овластените лица од став (2) на овој член, за време на полагањето на испитот, не смеат да се задржат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога информатичарот од членот 71 став 3 не смее да се задржи подолго од пет минути.

**Оценување**

Член 75

(1) Квалификацискиот тест се оценува со оценка од „1“ до „10“а оценката се добива на начин што бројот на освоени бодови се дели со 10.

(2) На тестот можат да се освојат најмногу 100 бода.

(3) Точниот одговор на секое прашање се бодува со 1 бод, одговорите кои се неточни, а се слични на точниот одговор, се бодуваат со 0 бодови, одговорот кој не е точен во мал обем, се бодува со -0,5 бод, додека одговорот кој не е точен во голем обем, се бодува со -1 бод, при што секое одделно прашање од тестот може да се одговори со селектирање на само еден од петте понудени одговори.

(4) Неодговарањето на секое прашање се бодува со -1 бод.

(5) Се смета дека пријавеното лице кое добило оценка „4“ или пониска оценка на квалификацискиот тест, не го положило квалификацискиот тест и нема право да го полага психолошкиот тест, тестот за интегритет и испитот.

(6) Психолошкиот тест се оценува со оцена „задоволува“ и „не задоволува”.

(7) Се смета дека пријавеното лице кое добило оцена ”не задоволува” на психолошкиот тест, не го положило психолошкит тест и нема право да го полага тестот за интегритет и испитот.

(8) Тестот за интегритет се оценува со оцена „задоволува“, „делумно задоволува“ и „не задоволува”.

(9) Се смета дека пријавеното лице кое добило оцена ”не задоволува” на тестот за интегритет нема право да го полага испитот.

(10) Комисијата за приемен испит ја верификува оценката за тестот за интегритет со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата.

**Испит**

Член 76

(1) Испитот се полага во рок од 7 дена од објавувањето на конечните резултати од тестот за интегритет.

(2) Право да го полагаат приемниот испит имаат кандидатите кои го положиле квалификацискиот тест, психолошкиот тест и тестот за интегритет.

**Цел и содржина на испитот**

Член 77

(1) Испитот се состои од практичен дел (писмен) и устен дел.

Во ставот 5 зборот „Комисијата“ се заменува со зборот „известителот“, а зборот „поведување“ се заменува со зборот „продолжување“.

Член 11

Во член 67 став 3 зборовите „претседателот и членовите на Комисијата“ се заменуваат со зборот „известителот“.

Во став 4 зборот „Комисијата“ се заменува со зборот „известителот“.

Ставот 5 се менува и гласи:

„Целиот тек или дел од расправата пред Советот се бележи стенографски, односно се врши тонско снимање.“

Член 12

Во член 68 во ставот 2 зборот „Комисијата“ се заменува со зборот „Советот“.

Во став 4 зборот „Комисијата“ се заменува со зборот „известителот“, а зборот „поведување“ се заменува со зборовите „продолжување на“.

Во став 6 зборот „Комисијата“ се заменува со зборот „Советот“.

Член 13

Насловот на членот 69 се брише.

Во член 69 воведната реченица се менува и гласи:

„По завршувањето на расправата Советот одлучува за: “

Член 14

Насловот на членот 70 и членот 70 се бришат.

Член 15

Во член 71 став 1 зборовите „врз основа на извештајот од членот 70 на овој закон и расправата“ се заменуваат со зборовите „по одржаната расправа“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Одлуката на Советот задолжително содржи, вовед, изрека и образложение.“

Член 16

Во член 78 став 1 зборовите „член на Советот, претседателот на судот, претседателот на повисокиот суд или општа седница на Врховниот суд на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија“.

Член 17

Во член 80 став 1 зборовите „расправа само за тоа дали барањето е навремено, целосно и дозволено“ се заменуваат со зборовите „определува известител од своите редови“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Известителот од став 1 на овој член изготвува извештај за тоа дали барањето е навремено, целосно и дозволено и го доставува на одлучување до Советот.“

Ставот 2 станува став 3, а ставовите 3, 4 и 5 се бришат.

Член 18

Членот 81, насловите на членовите 82 и 83 и членовите 82 и 83 се бришат.

Член 19

Во член 84 став 1 зборовите „барањето и предлогот на Комисијата“ се заменуваат со зборовите „извештајот на известителот“.

Во став 2 зборовите „во рок од 30 дена од денот на приемот на извештајот од членот 83 на овој закон“ се заменуваат со зборовите “на истата седница на која се разгледува извештајот од став 1 на овој член. “

Член 20

Во член 85 став 1 запирката по зборовите „ја врши функцијата“ се заменува со точка, а зборовите „а предметот со сите списи се предава на Комисијата.“ се бришат.

Член 21

Насловот на членот 87 се менува и гласи „Расправа пред Советот“.

Во член 87 став 1 зборот „Комисијата“ се заменува со зборот „Советот“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Со расправата раководи известителот за конкретниот предмет.“

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 22

Во член 88 ставот 1 се менува и гласи:

„На расправата се покануваат подносителот на барањето и судијата, на кои им се доставуваат доставените докази од страна на Советот за утврдување на факти покренување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на судија.“

Член 23

Во член 89 ставот 1 се менува и гласи:

„ На расправата ќе се изведат доказите предложени од подносителот на барањето, судијата, како и прибавените докази во текот на постапката пред Советот.“

Член 24

Во член 90 во ставот 3 зборовите „претседателот и членовите на Комисијата“ се заменуваат со зборот „известителот“.

Во ставот 4 зборот „Комисијата“ се заменува со зборот „известителот“

Ставот 5 се менува и гласи:

„Целиот тек или дел од расправата пред Советот се бележи стенографски, односно се врши тонско снимање.“

Член 25

Во член 91 во став 2 зборот „Комисијата“ се заменува со зборот „Советот“.

Во ставот 4 зборот „Комисијата“ се заменува со зборот „известителот“, а зборот „поведување“ се заменува со зборовите „продолжување на“.

Во ставот 6 зборот „Комисијата“ се заменува со зборот „Советот“.

Член 26

Насловот на членот 92 се брише.

Во членот 92, воведната реченица на ставот 1 се менува и гласи:

„По завршувањето на расправата Советот одлучува за:“

Ставот 2 се брише.

Член 27

Во член 93, воведната реченица на ставот 1 се менува и гласи:

„Советот по завршувањето на расправата најдоцна во рок од 30 дена од денот на одржувањето на расправата може да:“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Одлуката на Советот задолжително содржи, вовед, изрека и образложение.“

Член 28

По членот 97 се додава нов член 97 – а, кој гласи:

„ Член 97 - а

Во текот на постапката пред Советот, судија или претседателот на судот против кој се води постапка има право на фер судење согласно гаранциите утврдени во членот 6 од Европската конвенција за заштина на човековите слободи и права.“

Член 29

Во член 137 став 1 зборот „државни“ се заменува со зборот „административни“.

Во став 2 зборот „државните“ се заменува со зборот „административни“.

Член 30

Постапките започнати до отпочнувањето на примената на овој закон ќе се завршат според одредбите на Законот за Судскиот совет на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ број 60/06, 150/10 и 100/11).

Член 31

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува по истекот на три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KËSHILLIN GJYQËSOR TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

Neni 1

Në Ligjin për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 60/2006, 150/10 dhe 100/11) në nenin 31 paragrafi 1 alineja 17 shlyhet.

Paragrafët 2 dhe 3 shlyhen.

Neni 2

Në nenin 54 paragrafi 1 fjalët: “anëtari i Këshillit, kryetari i gjykatës, kryetari i gjykatës më të lartë ose seancë e përgjithshme e Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: “Këshilli për Përcaktimin e Fakteve dhe Ngritjen e Procedurës për Përcaktimin e Përgjegjësisë për Gjykatës".

Neni 3

Në nenin 56 paragrafi 1 fjalët: “debaton vetëm për atë nëse kërkesa është në kohë, e plotë dhe e lejuar" zëvendësohen me fjalët: “përcakton raportues nga radhët e veta".

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Raportuesi nga paragrafi 1 i këtij neni përgatit raport për atë nëse kërkesa është në kohë, e plotë dhe e lejuar dhe e dorëzon për vendimmarrje në Këshillin."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3, ndërsa paragrafët 3, 4 dhe 5 shlyhen.

Neni 4

Neni 57, titujt e neneve 58 dhe 59 dhe nenet 58 dhe 59 shlyhen.

Neni 5

Në nenin 60 paragrafi 1 fjalët: “kërkesa dhe propozimi i Komisionit" zëvendësohen me fjalët: “raporti i raportuesit".

Në paragrafin 2 fjalët: “në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të raportit nga neni 59 i këtij ligji" zëvendësohen me fjalët: “në seancën e njëjtë në të cilën shqyrtohet raporti nga paragrafi 1 i këtij neni. “

Neni 6

Në nenin 61 paragrafi 1 presja pas fjalëve: “e ushtron funksionin" zëvendësohet me pikë, ndërsa fjalët: “ndërsa lënda me të gjitha dokumentet i dorëzohet Komisionit." shlyhen.

Neni 7

Titulli i nenit 63 ndryshohet si vijon "Debati para Këshillit".

Në nenin 63 paragrafi 1 fjala "Komisioni" zëvendësohet me fjalën "Këshilli".

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Me debatin udhëheq raportuesi për lëndën konkrete."

Paragrafët 2 dhe 3 shlyhen.

Neni 8

Në nenin 64 paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Në debatin ftohen parashtruesi i kërkesës dhe gjykatësi, të cilëve u dorëzohen dëshmitë e dorëzuara nga ana e Këshillit për Përcaktimin e Fakteve dhe Ngritjen e Procedurës për Përcaktimin e Përgjegjësisë së Gjykatësit."

Neni 9

Në nenin 65 paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Në debatin do të nxirren dëshmitë e propozuara nga parashtruesi i kërkesës, gjykatësi, si dhe dëshmitë e marrë gjatë procedurës para Këshillit."

Neni 10

Në nenin 66 paragrafi 2 fjala "Komisioni" zëvendësohet me fjalën "Këshilli".

Në paragrafin 5 fjala "Komisioni" zëvendësohet me fjalën "raportuesi", ndërsa fjala "ngritje" zëvendësohet me fjalën "vazhdim".

Neni 11

Në nenin 67 paragrafi 3 fjalët: “kryetari dhe anëtarët e Komisionit" zëvendësohen me fjalën "raportuesi".

Në paragrafin 4 fjala "Komisioni" zëvendësohet me fjalën "raportuesi".

Paragrafi 5 ndryshohet si vijon:

"Tërë rrjedha ose një pjesë e debatit para Këshillit shënohet në stenogram përkatësisht bëhet incizim me ton."

Neni 12

Në nenin 68 paragrafi 2 fjala "Komisioni" zëvendësohet me fjalën "Këshilli".

Ne paragrafin 4 fjala "Komisioni" zëvendësohet me fjalën "raportuesi", ndërsa fjala "ngritje" zëvendësohet me fjalët: "vazhdim të".

Në nenin 6 paragrafi fjala "Komisioni" zëvendësohet me fjalën "Këshilli".

Neni 13

Titulli i nenit 69 shlyhet.

Në nenin 69 fjalia hyrëse ndryshohet si vijon:

"Pas përfundimit të debatit Këshilli vendos për:“

Neni 14

Titulli i nenit 70 dhe neni 70 shlyhen.

Neni 15

Në nenin 71 paragrafi 1 fjalët: “në bazë të raportit nga neni 70 i këtij ligji dhe debatit" zëvendësohen me fjalët: “pas debatit të mbajtur".

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Vendimi i Këshillit detyrimisht përmban, hyrje, tekst dhe arsyetim."

Neni 16

Në nenin 78 paragrafi 1 fjalët: “anëtari i Këshillit, kryetari i gjykatës, kryetari i gjykatës më të lartë ose seanca e përgjithshme e Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: “Këshilli për Përcaktimin e Fakteve dhe Ngritjen e Procedurës për Përcaktimin e Përgjegjësisë për Gjykatës".

Neni 17

Në nenin 80 paragrafi 1 fjalët: “debaton vetëm për atë nëse kërkesa është në kohë, e plotë dhe e lejuar" zëvendësohen me fjalët: “përcakton raportues nga radhët e tij".

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Raportuesi nga paragrafi 1 i këtij neni përgatit raport për atë nëse kërkesa është në kohë, e plotë dhe e lejuar dhe e dorëzon për vendimmarrje në Këshill."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3, ndërsa paragrafët 3, 4 dhe 5 shlyhen.

Neni 18

Neni 81, titujt e neneve 82 dhe 83 dhe nenet 82 dhe 83 shlyhen.

Neni 19

Në nenin 84 paragrafi 1 fjalët: “kërkesa dhe propozimi i Komisionit" zëvendësohen me fjalët: “raporti i raportuesit".

Në paragrafin 2 fjalët: “në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të raportit nga neni 83 i këtij ligji" zëvendësohen me fjalët: “në seancën e njëjte në të cilën shqyrtohet raporti nga paragrafi 1 i këtij neni. “

Neni 20

Në nenin 85 paragrafi 1 presja pas fjalëve: “e ushtron funksionin" zëvendësohet me pikë, ndërsa fjalët: “ndërsa lënda me të gjitha dokumentet i dorëzohet Komisionit." shlyhen.

Neni 21

Titulli i nenit 87 ndryshohet si vijon "Debati para Këshillit".

Në nenin 87 paragrafi 1 fjala "Komisioni" zëvendësohet me "Këshilli".

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Me debatin udhëheq raportuesi për lëndën konkrete."

Paragrafët 2 dhe 3 shlyhen.

Neni 22

Ne nenin 88 paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Në debatin ftohen parashtruesi i kërkesës dhe gjykatësi, të cilëve u dorëzohen dëshmitë e dorëzuara nga ana e Këshillit për Përcaktimin e Fakteve dhe Ngritjen e Procedurës për Përcaktimin e Përgjegjësisë të Gjykatësit."

Neni 23

Në nenin 89 paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

„Në debat do të nxirren dëshmitë e propozuara nga parashtruesi i kërkesës, gjykatësi, si dhe dëshmitë e marra gjatë procedurës para Këshillit."

Neni 24

Në nenin 90 paragrafi 3 fjalët: “kryetari dhe anëtarët e Komisionit" zëvendësohen me fjalën "raportuesi".

Në paragrafin 4 fjala "Komisioni" zëvendësohet me fjalën "raportuesi".

Paragrafi 5 ndryshohet si vijon:

"Rrjedha e plotë ose një pjesë e debatit para Këshillit shënohet në stenogram përkatësisht bëhet incizim i tonit."

Neni 25

Ne nenin 91 paragrafi 2 fjala "Komisioni" zëvendësohet me fjalën "Këshilli".

Në paragrafin 4 fjala "Komisioni" zëvendësohet me fjalën "raportuesi", ndërsa fjala "ngritje" zëvendësohet me fjalët: "vazhdim të".

Në nenin 6 paragrafi fjala "Komisioni" zëvendësohet me "Këshilli".

Neni 26

Titulli i nenit 92 shlyhet.

Në nenin 92, fjalia hyrëse e paragrafit 1 ndryshohet si vijon:

"Pas përfundimit të debatit Këshilli vendos për:"

Paragrafi 2 shlyhet.

Neni 27

Në nenin 93, paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Këshilli pas përfundimit të debatit më së voni në afat prej 30 ditësh nga dita e mbajtjes së debatit mund të:".

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Vendimi i Këshillit detyrimisht përmban, hyrje, tekst dhe arsyetim."

Neni 28

Pas nenit 97 shtohet nen i ri 97-a, si vijon:

"Neni 97-a

Gjatë procedurës para Këshillit, gjykatësi ose kryetari i gjykatës kundër të cilit udhëhiqet procedura ka të drejtë të gjykimit të drejtë në pajtim me garancitë e përcaktuara në nenin 6 të Konventës evropiane për mbrojtjen e lirive dhe të drejtave të njeriut."

Neni 29

Në nenin 137 paragrafi 1 fjala "shtetërore" zëvendësohen me fjalën "administrative".

Në paragrafin 2 fjala "shtetërore" zëvendësohen me fjalën "administrative".

Neni 30

Procedurat e filluara deri në fillimin e zbatimit të këtij ligji do të përfundohen sipas dispozitave të Ligjit për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 60/06, 150/10 dhe 100/11).

Neni 31

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", e do të fillojë të zbatohet pas kalimit të tre muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**407.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА**

Се прогласува Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 февруари 2015 година.

Бр. 08-750/1
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА**

**Основање**

Член 1

Со овој закон се уредуваат постапката за изборот на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија (дисциплинска постапка и постапка за нестручно и несовесно работење, согласно закон), начинот на остварување на неговите функции, изборот, престанокот, одлучувањето и други прашања поврзани со работата на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија.

**Цел на основање**

Член 2

Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија (во натамошен текст: Советот), се основа заради утврдување на факти и донесување на одлука за потребата од доставување на барање за покренување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд пред Судскиот совет на Република Македонија. Советот за утврдување на факти е самостоен и независен орган.

**Политичко дејствување**

Член 3

Се забранува политичко организирање и дејствување во Советот.

Членовите на Советот во вршењето на функциите на Советот не смеат да остваруваат партиска активност.

Советот со својата работа оневозможува политичко влијание во судството.

**Статус на Советот**

Член 4

Советот за утврдување на факти има својство на правно лице.

Седиштето на Советот за утврдување на факти е во Скопје.

**Печат на Советот**

Член 5

Советот за утврдување на факти има печат.

Печатот го содржи името Република Македонија, грбот на Република Македонија, називот и седиштето на Советот.

На зградата во која се наоѓа седиштето на Советот се истакнува називот и седиштето, грбот и знамето на Република Македонија.

СОСТАВ И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ

**Состав на Советот**

Член 6

Советот за утврдување на факти е составен од 9 члена и тоа:

- три члена од редот на пензионирани судии со непрекинат судиски стаж од над 15 години, со истакнати резултати во своето работење и кои за време на својот судиски стаж не биле дисциплински санкционирани, од кои еден член е од редот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија,
- три члена од редот на пензионирани јавни обвинители со непрекинат јавно обвинителски стаж над 15 години, со истакнати резултати во своето работење и кои за време на својот јавно обвинителски стаж не биле дисциплински санкционирани, од кои еден член е од редот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија,
- два члена од редот на пензионираните универзитетски професори на Правен факултет на универзитетите во Република Македонија, со непрекинат универзитетски стаж на редовен професор над 15 години, со истакнати резултати и објавени научни трудови во своето работење, од кои еден член е од редот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија,
- еден член од редот на пензионираните адвокати со непрекинат адвокатски стаж над 15 години, со истакнати резултати во своето работење и кој за време на својот адвокатски стаж не бил дисциплински санкциониран.

**Мандат на членовите на Советот**

Член 7

Мандатот на избраните членови трае четири години без право на уште еден избор.

Мандатот на член кој е избран на дополнителни избори, поради предвремен престанок на мандатот на член на Советот на чие место е избран, трае четири години.

**Претседател на Советот**

Член 8

Со работата на Советот раководи претседател.

Претседателот на Советот се избира од редот на членовите на Советот со мнозинство гласови од членовите.

Мандатот на претседателот на Советот трае две години, без право на повторен избор.

Советот, по предлог на претседателот на Советот, на истата седница на која се избира и претседател, избира и заменик кој го заменува во негово отсуство.

ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

**Оглас за член на Советот**

Член 9

Претседателот на Советот е должен најдоцна три месеца пред истекот на мандатот на Советот или на член на Советот, да распише оглас за избор на член на Советот, согласно член 6 од овој закон.

Во случај на предвремен престанок на мандатот од членот 7 на овој закон, претседателот на Советот ќе постапи согласно со ставот 1 од овој член во рок од 15 дена по престанокот на мандатот на членот на Советот.

**Времетраење на огласот**

Член 10

Огласот од членот 9 на овој закон се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот кој го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Македонија.

Огласот трае 15 дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Од денот на распишувањето на огласот до денот на гласањето мора да поминат најмалку 30 дена.

**Услови за член на Советот од редот на судиите**

Член 11

На огласот може да се јави секој кој во моментот на објавување на огласот ги исполнува условите од член 6 на овој закон, како и положен тест за интегритет и психолошки тест.

Психолошкиот тест кој го спроведува Судскиот совет на Република Македонија има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата член на Советот.

Тестот за интегритет кој го спроведува Судскиот совет на Република Македонија се заснова врз постојните етички и професионални кодекси и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на фунцијата и се состои од тест кој се спроведува во писмена форма и анонимно, врз основа на стандардно утврдена листа на прашања.

Судскиот совет на Република Македонија е должен при спроведувањето на психолошкиот тест и тестот за интегритет, да води сметка за заштита на личните податоци, угледот и достоинството на кандидатот, согласно со закон.

За спроведувањето на психолошкиот тест и на тестот за интегритет Судскиот совет на Република Македонија ангажира стручни лица од независна и целосно акредитирана професионална институција. Психолошкиот тест се спроведува врз основа на меѓународно признати психолошки тестови.

**Кандидатура**

Член 12

Кандидатите својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Советот.

Кон пријавата кандидатот доставува:

- потврда за стаж,
- биографски податоци за стручниот и професионалниот развој и
- податоци за учество во стручна и професионална едукација.

**Комисија за подготвување на кандидатска листа**

Член 13

Советот од својот состав формира Комисија од три члена за подготвување на кандидатска листа (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата од навремено доставените кандидатури на кандидатите кои ги исполниле условите од членовите 6 и 11 на овој закон изготвува листа и ја доставува до Советот.

Кандидатската листа се состои од следниве категории :

1. кандидати од редот на пензионирани судии;
2. кандидати од редот на пензионирани јавни обвинители;
3. кандидати од редот на пензионирани универзитетски професори;
4. кандидати од редот на пензионирани адвокати;
5. кандидати од редот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Советот на седница ја утврдува кандидатската листа од ставот 3 на овој член.

Утврдената кандидатска листа Советот ја доставува до Комисијата за спроведување на избори на членови на Советот, во рок од 15 дена од денот на завршување на огласот.

**Комисија за спроведување на избори на членови на Советот**

Член 14

Советот од својот состав формира Комисијата за спроведување на избори на членови на Советот која се состои од претседател и два члена (во натамошниот текст: Комисија за избори).

Комисијата за избор го подготвува изборниот материјал, формира изборни одбори и ги спроведува изборите.

Член 15

Член на Комисија за подготвување на кандидатската листа не може да биде и член на Комисија за спроведување на избори на членови на Советот и обратно.

**Избор на членови на Совет**

Член 16

Членовите на Советот се избираат од страна на сите судии во Република Македонија, на непосредни и тајни избори.

**Судски изборен именик**

Член 17

Најдоцна пет дена по распишувањето на изборите Судскиот совет на Република Македонија го доставува Судскиот изборен именик до сите судови во Република Македонија.

Судскиот изборен именик се става на увид во судот и секој судија има право во рок од три дена по писмен пат да побара исправка на податоците.

Судскиот совет на Република Македонија во рок од три дена од приемот на барањето од ставот 2 на овој член одлучува со решение.

Против решението од ставот 3 на овој член може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 24 часа по приемот на решението.

Надлежниот суд од ставот 4 на овој член донесува одлука во рок од 48 часа.

Судскиот совет на Република Македонија најдоцна во рок од 20 дена од денот на распишувањето на изборите го заклучува Судскиот изборен именик.

**Начин на спроведување на изборите на членови на Советот**

Член 18

Изборите за членови на Советот се спроведуваат во ист ден.

Изборите се спроведуваат на изборни места со број и со седиште во сите судови во Република Македонија, согласно со Законот за судовите.

Изборите по изборни места ги спроведува изборен одбор формиран со решение од Комисијата за избори.

Изборниот одбор е составен од претседател и двајца членови од редот на судиите и/или стручните соработници од судот и нивни заменици.

Комисијата за избори е должна изборните одбори да го формира седум дена пред денот на гласањето.

**Изборен материјал**

Член 19

Изборниот материјал се состои од:

- кутии за гласање и паравани,
- обрасци за записници,
- блок со гласачки ливчиња според изводот од Судскиот изборен именик, листи на кандидати,
- извод од Судскиот изборен именик и
- друг материјал потребен за гласање.

**Гласачко ливче**

Член 20

Гласачкото ливче содржи:

- назив на гласачкото ливче,
- назив на изборното место,
- сериски број и
- име и презиме на кандидатите според азбучен ред за секоја од категориите од членот 13 став 3 од овој закон.

**Доставување на изборниот материјал**

Член 21

Комисијата за избор го предава изборниот материјал на претседателот на изборниот одбор најдоцна во рок од 24 часа пред одржување на изборите за што се составува записник.

**Спроведување на гласањето**

Член 22

Гласањето се спроведува во работен ден.

Гласањето започнува во 8,00 часот и трае непрекинато до 15,00 часот.

Судиите гласаат за кандидатите од листа.

Судиите се идентификуваат со судиска легитимација и гласаат тајно.

Во 15,00 часот гласачкото место се затвора, а на судиите што се затекнале во просториите им се овозможува да гласаат.

Избирачкиот одбор може да го затвори гласачкото место и пред истекот на рокот од ставот 1 на овој член, ако гласале сите судии запишани во изводот од Судскиот избирачки именик.

**Записник за гласање**

Член 23

По затворање на гласачкото место избирачкиот одбор најдоцна до 18,00 часот составува записник за текот и резултатот на гласањето и ја известува Комисијата за избор.

Во записникот се внесуваат податоци:

- за вкупниот број на излезени гласачи што гласале,
- за вкупниот број на гласови што ги добил секој кандидат од секоја категорија од член 13 став 3 на овој закон,
- за бројот на неважечки ливчиња и
- забелешка за текот на гласањето.

Избирачкиот одбор во рок од 24 часа го доставува записникот со резултатите од гласањето и другиот избирачки материјал до Комисијата за избор.

**Неважечко гласачко ливче**

Член 24

Гласачкото ливче е неважечко доколку не е пополнето или има заокружено поголем број на кандидати од бројот што се избира според утврдените категории од член 13 став 3 на овој закон.

**Изборен резултат**

Член 25

Комисијата за избор ги сумира резултатите од изборните места и го утврдува изборниот резултат најдоцна во рок од 48 часа од моментот на затворање на изборите.

За избрани членови на Советот се сметаат:

1. првите двајца кандидати со најголем број гласови од редот на пензионирани судии, и првиот кандидат со најголем број гласови од редот на пензионирани судии од заедниците кои не се мнозинство;
2. првите двајца кандидати со најголем број гласови од редот на пензионирани јавни обвинители и првиот кандидат со најголем број гласови од редот на пензионирани јавни обвинители од заедниците кои не се мнозинство;
3. првиот кандидат со најголем број гласови од редот на пензионирани универзитетски професори и првиот кандидат со најголем број гласови од редот на пензионирани универзитетски професори од заедниците кои не се мнозинство;
4. еден кандидат со најголем број гласови од редот на пензионирани адвокати.

**Конституирање на Советот**

Член 26

Конститутивната седница се одржува во рок од 15 дена од изборот на членовите на Советот.

Конститутивната седница ја свикува претседателот на претходниот Совет.

Со конститутивната седница претседава најстариот член на Советот, до изборот на претседател на Советот.

**Престанок на мандат на член на Советот**

Член 27

На член на Советот му престанува мандатот:

1. со истекот на времето за кое е избран;
2. по негово барање;
3. поради смрт;
4. ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца или друго кривично дело кое го прави недостоен да ја врши функцијата член на Советот;
5. ако на член на Советот му се утврди трајна неспособност за вршење на функцијата и
6. ако е избран на друга јавна функција или професија.

Во случајот од ставот 1 точка 2 на овој член мандатот престанува кога Советот, на седница ќе ја усвои оставката.

Во случајот од ставот 1 точка 4 на овој член мандатот престанува со денот на правосилноста на пресудата.

Во случајот од ставот 1 точка 5 на овој член мандатот престанува кога Советот на седница ќе утврди исполнување на условот врз основа на претходно спроведена постапка.

Во случај од ставот 1 точка 6 на овој член мандатот престанува со изборот на друга функција или професија.

СЛУЖБА ЗА СТРУЧНО ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ НА СОВЕТОТ

Член 28

Вработените во Советот имаат статус на административни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности се применува Законот за административни службеници.

Вработените кои вршат помошни или технички работи немаат статус на административни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности се применува членот 3 од Законот за вработени во јавниот сектор.

ФИНАНСИРАЊЕ И СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ

**Извори на финансирање**

Член 29

Средствата за работа на Советот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку буџетот на “Судската власт”.

**Простории и опрема**

Член 30

Владата на Република Македонија ги обезбедува просториите и опремата за вршење на дејноста на Советот.

Член 31

Платата на Претседателот на Советот е соодветна на платата на Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, а на членовите на Советот соодветно на платата на членовите на Судскиот совет на Република Македонија.

НАДЛЕЖНОСТ, ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ

**Надлежност**

Член 32

Советот е надлежен:

- да расправа поединечно по сите претставки и поплаки поднесени од граѓаните, правните лица, претседатели на судови за работата на судиите или претседатели на судови, како и за одолжување на судските постапки, како и по допрен глас или други добиени сознанија за работата на судиите или претседатели на судови (во натамошниот текст: иницијатива),
- да прибавува податоци и докази кои се од интерес за утврдување на состојбата во врска со наодите во иницијативата,
- да прибавува податоци и доказите кои се од интерес за утврдување на состојбата во врска со наодите во иницијативата кои се наоѓаат кај државен орган, орган на единицата на локалната самоуправа или кај физичко или правно лице на кое му е доверено вршење на јавни овластувања, кои се должни без надомест да ги достават до Советот во рокот определен во барањето,
- да врши непосреден увид во судски списи и други списи и досиеја кои се од интерес на Советот за утврдување на фактите во врска со наодите во иницијативата,
- да ги разгледува извештаите на Судскиот совет на Република Македонија за работата на судиите и судовите во Република Македонија,
- да поднесува барање за поведување на постапка за одговорност на судија или претседател на суд до Судскиот совет на Република Македонија,
- да го застапува барањето за поведување на постапка за одговорност на судија или претседател на суд пред Судскиот совет на Република Македонија,
- да изготвува годишен извештај за работите од своја надлежност кој го објавува на веб страницата на Советот, најдоцна до 1 февруари во тековната година за претходната година и
- врши други надлежности утврдени со закон.

Советот задолжително најмалку еднаш во текот на една работна недела одржува седница на која расправа поединечно по сите иницијативи и донесува одлука, најмногу во рок од 40 дена од денот на поднесената претставка или поплака, односно од денот на допрениот глас или друго добиено сознание.

**Работа на седници**

Член 33

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница.

Претседателот на Советот ги свикува седниците и со нив раководи.

Претседателот е должен да свика седница и по предлог на најмалку три члена на Советот. Седница може да се одржи ако е присутно мнозинството од вкупниот број членови, со право на глас доколку со овој закон поинаку не е определено.

Поканата за седница со предлог на дневниот ред и со материјалите се доставува до членовите на Советот најмалку три дена пред одржувањето на седницата.

Предлогот на дневниот ред се утврдува со мнозинство гласови од присутните членови.

Поради итни и неодложни работи, седницата на Советот може да се закаже и одржи и во пократок рок од рокот утврден во ставот 6 на овој член.

**Јавност во работата**

Член 34

Седниците на Советот се јавни.

Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас.

За работата на седницата на Советот се води записник и стенографски белешки.

**Претседател на Советот**

Член 35

Претседателот на Советот:

- го претставува Советот,
- претседава и раководи со седниците,
- учествува во работата и во одлучувањето на Советот,
- ги потпишува одлуките, предлозите и другите акти на Советот и се грижи за нивно извршување и
- се грижи за спроведување на Деловникот на Советот и врши и други работи определени со закон и Деловникот.

**Еднаквост на членовите на Советот**

Член 36

Членовите на Советот во вршењето на функцијата член на Советот се еднакви во правата и обврските.

**Права, обврски и одговорности на член на Советот**

Член 37

Член на Советот ги има следниве права, обврски и одговорности:

- учествува во работата и во одлучувањето на Советот,
- дава иницијативи, предлози и мислења по прашања од надлежност на Советот,
- учествува во работата на Советот во кој е избран,
- по заклучок на Советот остварува увид во работата на судија или претседателот на суд и презема други дејствија и за тоа му поднесува извештај на Советот,
- по заклучок на Советот, го застапува Советот во постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд пред Судскиот совет на Република Македонија,
- одговорен е за повреда на Уставот и закон во врска со вршење на функцијата во Советот и
- врши и други работи определени со овој закон.

**Деловник за работа на Советот**

Член 38

Советот донесува Деловник за работа со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Со Деловникот за работа на Советот се уредува постапката и начинот на работа на Советот и други прашања од надлежност на Советот.

Деловникот за работа се објавува во “Службен весник на Република Македонија”.

**Постапка за утврдување на факти за одговорност на судија или претседател на суд**

Член 39

Постапка за утврдување на факти за одговорност на судија или претседател на суд (во натамошниот текст: постапка), се поведува во рок од шест месеци од денот на осознавање на сторената повреда, но не подолго од три години од денот на сторувањето на повредата.

Постапка е итна и од доверлив карактер, се води без присуство на јавноста и со почитување на угледот и достоинството на судијата или претседателот на судот при што се води сметка за заштита на личните податоци на судијата или претседателот на судот согласно со прописите за заштита на личните податоци.

По барање на судијата или претседателот на судот Советот ќе одлучи постапката да се води со присуство на јавноста.

Член 40

Советот по повод поднесена иницијатива од своите редови определува известител кој по разгледувањето на иницијативата доставува извештај до Советот за тоа дали иницијативата е навремена, дозволена, целосна и основана.

Советот врз основа на извештајот од став 1 на овој член расправа и ќе ја отфрли иницијативата и за тоа ќе го извести подносителот ако:

- е поднесена за дејствие на судијата кое не претставува повреда согласно закон,
- настапила застареност и
- иницијативата е поднесена од неовластено лице.

При одлучување на Советот, тој е врзан за фактичката состојба изнесена во иницијативата за поведување постапка.

Советот врз основа на извештајот од став 1 на овој член расправа, и доколку најде дека иницијативата е ненавремено, нецелосна, неоснована или недозволена ќе ја отфрли иницијативата и за тоа ќе го извести подносителот.

Доколку Советот ја прифати иницијативата, Советот од своите редови формира комисија во состав од претседател и два члена за утврдување на фактите во врска со наодите истакнати во иницијативата (во натамошниот текст: Комисија).

Советот од своите редови определува еден заменик на претседателот на Комисијата и еден заменик за членовите на Комисијата.

Заменикот за членовите на Комисијата може да замени само еден член при одржување на состаноците и расправите.

Член 41

Комисијата ја доставува иницијативата и доказите лично до судијата или претседателот на судот против кој е поднесена иницијативата.

Судијата или претседателот на судот може писмено да одговори на наводите во иницијативата или да даде усна изјава на записник во рок од осум дена од добивањето на иницијативата. Судијата или претседателот на судот против кој е поднесена иницијативата има право на бранител којшто самиот го известува и го обезбедува за расправата.

Заедно со одговорот на иницијативата судијата или претседателот на судот ги доставува сите докази врз основа на кои го заснова својот одговор на барањето или со кои ги побива наводите и доказите во иницијативата.

Судијата или претседателот на судот во одговорот на иницијативата е должен да ја наведе адресата на која ќе му се доставуваат писмената во текот на постапка по писмен пат, како и електронската адреса на која писмената ќе му се доставуваат по електронски пат.

Писмената во текот на постапката се доставуваат по пошта со препорачана пратка лично до судијата или претседателот на судот и по електронски пат на адресата наведена во одговорот на иницијативата во ставот 4 од овој член.

Доколку судијата или претседателот на судот не се затече на адресата наведена во одговорот на иницијативата каде што треба да се изврши доставување на писменото, доставувачот ќе остави писмено известување заради примање на писменото со кое се известува да дојде во определен ден и час во определена просторија на судот за прием на писменото. Ако судијата или претседателот на судот не постапи по известувањето се смета дека доставувањето е извршено на денот и часот наведени во известувањето.

Доставувањето по електронски пат се врши согласно со одредбите од Законот за парничната постапка.

**Прибавување податоци и докази**

Член 42

Комисијата со барање прибавува податоци и докази кои се од интерес за утврдување на фактите во врска со утврдување на одговорност на судијата.

Доколку податоците и доказите од ставот 1 на овој член се наоѓаат кај државен орган, орган на единицата на локалната самоуправа или кај физичко или правно лице на кое му е доверено вршење на јавни овластувања, истите се должни без надомест да ги достават до Советот во рокот определен во барањето од ставот 1 на овој член.

**Расправа на Комисијата**

Член 43

Комисијата закажува расправа во рок од седум дена од денот на добивањето на одговор на иницијативата од страна на судијата или претседателот на судот.

На расправата Комисијата работи во полн состав.

Со расправата раководи претседателот на Комисијата.

**Покана за расправа**

Член 44

На расправата се поканува судијата или претседателот на судот, на кои им се доставуваат прибавените докази од Комисијата.

Ако учесниците од ставот 1 на овој член кои се уредно поканети не дојдат, а изостанокот не го оправдаат, расправата ќе се одржи.

Член 45

На расправата ќе се изведат доказите предложени од подносителот на иницијативата, судијата или претседателот на судот, како и доказите што ги прибавила Комисијата.

Судијата или претседателот на судот има право да се произнесе по сите докази изведени на расправата.

**Записник**

Член 46

За дејствијата преземени на расправата се составува записник.

Записникот го води лице кое ќе го определи Советот, од редот на стручната служба на Советот.

Записникот особено содржи податоци за: ден, час и место на одржување на расправата, претседателот и членовите на Комисијата и лицето кое го води записникот, имињата на присутните лица, изјавата на судијата или претседателот на судот, односно неговиот бранител и доказите што се изведени.

Записникот го потпишуваат подносителот на барањето, судијата или претседателот на судот односно нивниот бранител, Комисијата и лицето кое го води записникот.

Доколку некој од лицата наведени во став 4 на овој член не го потпише записникот, тоа ќе се евидентира во истиот.

Претседателот на Комисијата може да нареди целиот тек или дел од расправата да се бележи стенографски, односно да се врши тонско снимање.

Стенографските белешки, односно тонското снимање во рок од 48 часа ќе се преведат, прегледаат и приклучат кон записникот, заедно со преписот од тонското снимање.

**Извештај на Комисијата**

Член 47

Комисијата во рок од десет дена по завршувањето на расправата поднесува извештај за утврдените факти и дава предлог до Советот да одлучи за поднесување на барање до Судскиот совет на Република Македонија за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд.

**Содржина на извештајот**

Член 48

Извештајот треба да ги содржи сите списи и акти што во текот на постапката Комисијата ги имала на располагање, изјаснувањето на судијата или претседателот на судот, опис на спроведените дејствија, како и образложен предлог за одлучување.

**Одлука на Советот**

Член 49

Советот врз основа на извештајот од членот 48 на овој закон и расправата на седницата на Советот донесува одлука за поднесување на барање до Судскиот совет на Република Македонија за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд.

Советот ќе ја одбие иницијативата ако утврди дека е неоснована заради непостоење докази дека судијата ја сторил повредата согласно закон.

Член 50

Советот со заклучок од своите редови определува еден член на Советот, кој ќе го застапува советот во постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд пред Судскиот совет на Република Македонија.

**Доставување на одлука**

Член 51

Одлуката од членот 50 од овој закон се доставува во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата на која е донесена одлуката до судијата или претседателот на судот за кои се водела постапка пред Советот, а предметот со сите списи и одлуката од член 50 од овој закон се доставува до Судскиот совет на Република Македонија во рокот утврден во овој став.

Во рокот од став 1 на овој член, за донесената одлука од член 50 на овој закон, Советот го информира подносителот на иницијативата.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52

Првиот избор на членови на Советот, согласно со овој закон, ќе го спроведе Комисија формирана од Судскиот совет на Република Македонијаво состав од пет члена.

Постапката за избор на членови на Советот, Судскиот совет е должен да ја започне во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Деловникот за работа Советот ќе го донесе во рок од 30 дена од денот на неговото конституирање.

Актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите ќе ги донесе Советот во рок од 30 дена од денот на конституирањето.

Другите акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од конституирањето на Советот.

Конститутивната седница на првиот Совет, ја свикува и со неа претседава најстариот член на Советот, до изборот на претседател на Советот.

Член 53

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува по истекот на три месеци од денот на влегувањето во сила.

---

# L I GJ
# PËR KËSHILLIN PËR PËRCAKTIM TË FAKTEVE DHE NGRITJE TË PROCEDURËS PËR PËRCAKTIMIN E PËRGJEGJËSISË PËR GJYKATËS

## Themelimi

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen procedura për zgjedhje të Këshillit për Përcaktimin e Fakteve dhe Ngritjen e Procedurës për Përcaktimin e Përgjegjësisë për Gjykatës (procedura disiplinore dhe procedura për punë joprofesionale dhe të pandërgjegjshme, në pajtim me ligj), mënyra e realizimit të funksioneve të tij, zgjedhja, ndërprerja, vendosja dhe çështje tjera në lidhje me punën e Këshillit për Përcaktimin e Fakteve dhe Ngritjen e Procedurës për Përcaktimin e Përgjegjësisë për Gjykatës.

## Qëllimi i themelimit

Neni 2

Këshilli për Përcaktimin e Fakteve dhe Ngritjen e Procedurës për Përcaktimin e Përgjegjësisë për Gjykatës (në tekstin e mëtejmë: Këshilli) themelohet për përcaktim të fakteve dhe miratim të vendimit për nevojën e parashtrimit të kërkesës për ngritje të procedurës për përcaktimin e përgjegjësisë për gjykatës ose kryetar të gjykatës para Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë. Këshilli për përcaktimin e fakteve është organ i mëvetësishëm dhe i pavarur.

## Veprimi politik

Neni 3

Ndalohet organizimi dhe veprimi politik i Këshillit.

Anëtarët e Këshillit në kryerjen e funksioneve të Këshillit nuk guxojnë të realizojnë aktivitet partiak.

Këshilli me punën e vet pamundëson ndikim politik në gjyqësor.

## Statusi i Këshillit

Neni 4

Këshilli për përcaktimin e fakteve ka cilësi të personit juridik.

Selia e Këshillit për përcaktimin e fakteve është në Shkup.

## Vula e Këshillit

Neni 5

Këshilli për përcaktimin e fakteve ka vulë.

Vula përmban emrin e Republikës së Maqedonisë, stemën e Republikës së Maqedonisë, emërtimin dhe selinë e Këshillit.

Në ndërtesën në të cilën gjendet selia e Këshilli vendoset emërtimi dhe selia, stema dhe flamuri i Republikës së Maqedonisë.

## PËRBËRJA DHE KRYETARI I KËSHILLIT

## Përbërja e Këshillit

Neni 6

Këshilli për përcaktimin e fakteve përbëhet prej 9 anëtarëve, si vijon:

- tre anëtarë nga radhët e gjykatësve të pensionuar me stazh të pandërprerë të gjykatësit prej mbi 15 vjet, me rezultate të shquara në punën e vet dhe të cilët gjatë kohës së stazhit të tyre të gjykatësit nuk kanë qenë të sankcionuar në mënyrë disiplinore, prej të cilëve një anëtar është nga radhët e pjesëtarëve të bashkësive të cilat nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë,
- tre anëtarë nga radhët e prokurorëve publikë të pensionuar me stazh të pandërprerë të prokurorit publik mbi 15 vjet, me rezultate të shquara në punën e vet dhe të cilët gjatë kohës së stazhit të tyre të prokurorit publik nuk kanë qenë të sankcionuar në mënyrë disiplinore, prej të cilëve një anëtar është nga radhët e pjesëtarëve të bashkësive të cilat nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë,
- dy anëtarë nga radhët e profesorëve të pensionuar universitarë të Fakultetit juridik të universiteteve në Republikën e Maqedonisë, me stazh të pandërprerë të profesorit të rregullt mbi 15 vite, me rezultate të shquara dhe punime shkencore të publikuara në punën e vet, prej të cilëve një anëtar është nga radhët e pjesëtarëve të bashkësive që nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë,
- një anëtar nga radhët e avokatëve të pensionuar me stazh të pandërprerë të avokatit mbi 15 vite, me rezultate të shquara në punën e vet dhe i cili gjatë kohës së stazhit të avokatit nuk ka qenë i sanksionuar në mënyrë disiplinore.

## Mandati i anëtarëve të Këshillit

Neni 7

Mandati i anëtarëve të zgjedhur zgjat katër vite pa të drejtën për edhe një zgjedhje.

Mandati i anëtarit i cili është zgjedhur në zgjedhje shtesë, për shkak të ndërprerjes së parakohshme të mandatit të anëtarit të Këshillit në vendin e të cilit është zgjedhur, zgjat katër vite.

## Kryetari i Këshillit

Neni 8

Me punën e Këshillit udhëheq kryetari.

Kryetari i Këshillit zgjidhet nga radhët e anëtarëve të Këshillit me shumicë të votave nga anëtarët.

Mandati i kryetarit të Këshillit zgjat dy vite, pa të drejtë të zgjedhjes së sërishme.

Këshilli, me propozim të kryetarit të Këshillit, në mbledhjen e njëjtë në të cilën zgjedhet kryetari, zgjedh edhe zëvendës i cili do ta zëvendësojë në mungesë të tij.

"personi i cili përveç të ardhurave nga marrëdhënia e punës, vetëpunësimi ose pensioni, realizon edhe të hyra nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer, nëse neto shuma e përgjithshme e të ardhurave në atë bazë është më e lartë se shuma e rrogës neto mesatare për vitin paraprak e publikuar nga Enti Shtetëror për Statistikë."

Pas pikës 13) shtohen dy pika të reja 14) dhe 15) si vijojnë:

"14) personi në marrëdhënie pune i cili realizon të hyra nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera me të cilat është përcaktuar komensim për punën e kryer me punëdhënës tek i cili është në marrëdhënie pune ose me persona tjerë juridikë të cilët kanë lidhshmëri pronësore, organizative ose menaxhuese me punëdhënësin dhe

15) personi i cili realizon të hyra nga kryerja e punës fizike ose/dhe intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer, nëse neto shuma e përgjithshme e të hyrave në atë bazë është më e lartë se shuma e rrogës minimale e përcaktuar me ligj.”

Paragrafi (4) shlyhet.

Neni 2

Në nenin 10 paragrafi (1) pika 16 ndryshon si vijon:

"personi i cili përveç të ardhurave nga marrëdhënia e punës, vetëpunësimi ose pensioni, realizon edhe të hyra nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer, nëse neto shuma e përgjithshme e të ardhurave në atë bazë është më e lartë se shuma e rrogës neto mesatare për vitin paraprak e publikuar nga Enti Shtetëror për Statistikë.”

Pas pikës 16) shtohen dy pika të reja 17) dhe 18) si vijojnë:

"17) personi në marrëdhënie pune i cili realizon të hyra nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera me të cilat është përcaktuar komensim për punën e kryer me punëdhënës tek i cili është në marrëdhënie pune ose me persona tjerë juridikë të cilët kanë lidhshmëri pronësore, organizative ose menaxhuese me punëdhënësin.

18) personi i cili realizon të hyra nga kryerja e punës fizike ose/dhe intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer, nëse neto shuma e përgjithshme e të hyrave në atë bazë është më e lartë se shuma e rrogës minimale e përcaktuar me ligj.”

Paragrafi (2) shlyhet.

Neni 3

Në nenin 13 paragrafi (1) pika 13) ndryshon si vijon:

"Fondi për Sigurim Pensional dhe Invalidor i Republikës së Maqedonisë është detyrës për përllogaritjen e kontributeve për personat nga neni 7 paragrafi (1) pikat 13 dhe 15 dhe neni 10 paragrafi (1) pikat 16 dhe 18 të këtij ligji, ndërsa detyrës për pagesë të kontributeve janë personat vetë për veten".

Pika 14 ndryshon si vijon:

"personi juridik - pagues i kompensimit për personin nga neni 7 paragrafi (1) pika 13 dhe neni 10 paragrafi (1) pika 17 të këtij ligji".

Paragrafi (2) ndryshon si vijon:

"(2) Personi juridik - pagues obligohet Drejtorisë së të Hyrave Publike t’i dërgojë raport mujor për marrëveshjet për vepër, marrëveshjet autoriale dhe marrëveshjet tjera me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer, deri në të 20-tin e muajit për muajin paraprak."

Neni 4

Në nenin 14 paragrafi 1 pika 15 ndryshon si vijon:

"shuma e dallimit ndërmjet neto kompensimit dhe rrogës minimale të përcaktuar me ligj, e zmadhuar për kontributin për sigurim të detyrueshëm pensional dhe invalidor, kontributit për sigurim të detyrueshëm shëndetësor dhe tatimit personal mbi të ardhura nga marrëveshja për vepër, marrëveshja autoriale ose marrëveshja tjetër me të cilën është përcaktuar kompensim për punën e kryer për personat nga neni 7 paragrafi (1) pika 15 dhe neni 10 paragrafi (1) pika 18 të këtij ligji."

Pas pikës 15) shtohen dy pika të reja 16) dhe 17), si vijojnë:

"16) shuma e dallimit ndërmjet neto kompensimit dhe neto rrogës mesatare për vitin paraprak e shpallur nga Enti shtetëror për statistikë i zmadhuar për kontributin për sigurim të detyrueshëm pensional dhe invalidor, kontributit për sigurim të detyrueshëm shëndetësor dhe tatimit personal mbi të ardhura nga marrëveshja për vepër, marrëveshja autoriale ose marrëveshja tjetër me të cilën është përcaktuar kompensim për punën e kryer, për personat nga neni 7 paragrafi (1) pika 13 dhe neni 10 paragrafi (1) pika 16 të këtij ligji."

17) bruto kompensimi nga marrëveshja për vepër, marrëveshja autoriale ose marrëveshja tjetër me të cilën është përcaktuar kompensim për punën e kryer për personat për të cilët detyrës për përllogaritje dhe pagesë të kontributeve është personi juridik - pagues nga neni 13 paragrafi (1) pika 14 e këtij ligji".

Paragrafi (5) ndryshon si vijon:

"Personat të cilët janë detyrës për pagesë të kontributeve vetë për veten, obligohen që të dërgojnë fletëparaqitje për shumën e kompensimit të pranuar në bazë të marrëveshjes për vepër dhe/ose marrëveshjes autoriale ose marrëveshjes tjetër në Fondin për Sigurim Pensional dhe Invalidor të Maqedonisë më së voni në afat prej 5 ditëve nga pranimi i kompensimit. Fondi për Sigurim Pensional dhe Invalidor i Maqedonisë me detyrë zyrtare dërgon evidencë në Drejtorinë e të Hyrave Publike, Fondin për Sigurim Shëndetësor të Maqedonisë dhe Agjencinë për Punësim të Republikës së Maqedonisë.

Pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6) si vijon:

"(6) Formën dhe përmbajtjen e fletëparaqitjes nga neni 14 paragrafi (5) e përcakton Ministri i Financave."

Neni 5

Në nenin 15 paragrafi (1) pas numrit :"12" shtohet presje, ndërsa fjalët:" dhe 13" zëvendësohen me fjalët: „13, 15, 16 dhe 17".

Neni 6

Neni 16 ndryshon si vijon:

"Baza më e lartë mujore për përllogaritjen dhe pagesën e kontributeve për vitin rrjedhës për person shfrytëzues të kompensimit në para gjatë kohës së papunësisë së përkohëshme është 80% nga rroga mesatare për punëtor në Republikën e Maqedonisë e publikuar në janar në vitin rrjedhës sipas të dhënave të Entit Shtetëror për Statistikë. Në shumën më të lartë se baza më e lartë mujore nuk përllogariten dhe paguhen kontribute."

Neni 7

Në nenin 18 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Detyrësi për përllogaritje dhe pagesë të kontributeve nga neni 13 paragrafi (1) pikat 13) dhe 14) obligohet që përllogaritjen e kontributeve dhe kompensimin në bazë të marrëveshjes për vepër, marrëveshjes autoriale ose marrëveshjes tjetër ta kryejë në mënyrë individuale për secilin të siguruar, në bazë të bazave të përcaktuara në nenin 14 të këtij ligji. Të dhënat për kontributet e përllogaritura obligohet që t'i dërgojë në Drejtorinë e të Hyrave Publike, më së voni deri në të 10-tin e muajit rrjedhës për kompensimet e paguara në muajin paraprak, në formë elektronike, në mënyrë dhe procedurë të përcaktuar në pajtim me aktin e nenit 17 paragrafi (2) të këtij ligji."

Paragrafi (2) bëhet paragraf (3).

Neni 8

Në nenin 24 pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5) si vijon:

"(5) Afati për pagesën e kontributeve për detyrësit për pagesën e kontributeve nga neni 13 paragrafi (1) pikat 13 dhe 14) më së voni deri më 15-tin e muajit për kompensimet e paguara në muajin paraprak."

Neni 9

Neni 28-g ndryshon si vijon:

"Gjobë në shumë prej 500 deri 1 000 euro në kundërvlerë në denarë do t'i shqiptohet detyrësit nga neni 14 paragrafi (5) të këtij ligji, nëse nuk dërgon fletëparaqitje për shumën e kompensimit të pranuar në bazë të marrëveshjes për vepër dhe/ose marrëveshjes autoriale ose marrëveshjes tjetër në Fondin për Sigurim Pensional dhe Invalidor të Republikës së Maqedonisë në afatin e përcaktuar.

Neni 10

Akti nënligjor nga neni 4 paragrafi (4) i këtij ligji do të miratohet në afat prej 5 ditëve nga dita e hyrjes në fuqi e këtij ligji.

Neni 11

(1) Dispozitat e këtij ligji kanë të bëjnë me rrogën, pjesën e rrogës, kompensimin e rrogës, kompensim tjetër dhe kompensimin në bazë të marrëveshjes për vepër dhe/ose marrëveshjes autoriale ose marrëveshjes tjetër për janar 2015.

(2) Afati për parashtrimin e përllogaritjeve të kontributeve për janar 2015 është 20 shkurti 2015, ndërsa afati i arritjes për pagesë të kontributeve është 25 shkurti 2015.

(3) Për kontribute të paguara para hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të bëhet barazim në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

Neni 12

Pas anëtarësimit të Republikës së Maqedonisë në Bashkimin Evropian detyrës për pagesën e kontributetit për sigurim të detyrueshëm pensional dhe invalidor dhe sigurim shëndetësor është personi i cili realizon të ardhura nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të marrëveshjes për vepër dhe/ose marrëveshjes autoriale ose marrëveshjes tjetër shuma neto e të cilave është më e lartë se shuma e rrogës mininale e përcaktuar me ligj.

Neni 13

Autorizohet Komisionit Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për kontribute nga sigurimi i detyrueshëm social.

Neni 14

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë."

---

**411.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 февруари 2015 година.

Бр. 08-757/1
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Со Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009,130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13 и 113/14) во членот 252 ставот (3) се менува и гласи:

„Надоместоците за извршената работа од договорите согласно ставовите (1) и (2) на овој член подлежат на плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување согласно со закон."

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## LIGJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR MARRËDHËNIE TË PUNËS

Neni 1

Me Ligjin për marrëdhënie të punës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 62/05, 106/2008, 161/2008, 114/2009,130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13 dhe 113/14), në nenin 252, paragrafi (3), ndryshohet si vijon:

"Kompensimet për punën e kryer nga marrëveshjet në pajtim me paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni, u nënshtrohen pagimit të kontributeve nga sigurimi i detyrueshëm social në pajtim me ligjin."

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**412.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 февруари 2015 година.

Бр. 08-758/1
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14 и 188/14), во членот 11 став (1) точката 15) се менува и гласи:

„лице кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон".

Член 2

Во членот 120 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Осигуреникот кој плаќа придонес во вториот пензиски столб, има индивидуална сметка и е член во задолжителен пензиски фонд, не плаќа придонес во вториот пензиски столб на надоместокот од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа договор за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа."

Член 3

Во членот 125 став (4) точката 1. се менува и гласи:

„работодавачот - за работниците вработени кај него."

Точката 5) се менува и гласи:

„лицата од членот 11 став (1) точки 4), 5), 6) и 14) од овој закон".

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) По исклучок од ставовите (5) и (6) на овој член, својството на осигуреник за лицата од членот 11 став (1) точка 15) од овој закон се воспоставува и преку пријава за износот на применит надоместок по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор, која согласно со закон ја доставува лицето кое остварило надоместок ."

Член 4

Во член 148 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) На корисник на пензија кој покрај пензијата остварува и приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, не му се запира исплатата на пензијата.

Ставот (2) станува став (3).

Член 5

Во членот 198 по ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:

„ (2) Во матичната евиденција се внесуваат и податоци за:

1. осигуреник кој покрај примања од работен однос, самовработување, остварува и приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на просечната нето плата за претходната година објавена од Државен завод за статистика;

2. осигуреник во работен однос кој остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа со работодавач кај којшто е во работен однос или со други правни лица кои имаат сопственичка, организациска или управувачка поврзаност со работодавачот и

3. корисник на пензија кој покрај пензијата остварува и приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за

дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на просечната нето плата за претходната година објавена од Државен завод за статистика.“

Член 6

Во членот 199 точката 1. се менува и гласи:

„работодавачите - за работниците вработени кај нив;“.

Точката 7 се менува и гласи:

„лицата од членот 11 став (1) точка 15 на овој закон доколку остваруваат приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Фондот воспоставува и води податоци за лицата од членот 198 став (2) од овој закон“.

Член 7

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM PENSIONAL DHE INVALIDOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurim pensional dhe invalidor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14 dhe 188/14), në nenin 11, paragrafi (1), pika 15) ndryshohet si vijon:

"personi i cili realizon të hyra nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera, me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer, nëse shuma e përgjithshme neto e të hyrave mbi atë bazë është më e lartë se shuma e rrogës minimale të përcaktuar me ligj."

Neni 2

Në nenin 120, pas paragrafit (3) shtohet paragrafi i ri (4), si vijon:

"(4) I siguruari i cili paguan kontribut në shtyllën e dytë pensionale, ka llogari individuale dhe është anëtar në fondin e obligueshëm pensional, nuk paguan kontribut në shtyllën e dytë pensionale për kompensimin për kryerjen e punës fizike dhe/ose individuale, në bazë të marrëveshjes për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer."

Neni 3

Në nenin 125 paragrafi (4) pika 1. ndryshohet si vijon:

"punëdhënësi - për punëtorët e punësuar te ai".

Pika 5) ndryshon si vijon:

"personat nga neni 11 paragrafi (1), pikat 4), 5), 6) dhe 14) të këtij ligji".

Pas paragrafit (6), shtohet paragrafi i ri (7) si vijon:

"(7) Me përjashtim të paragrafëve (5) dhe (6) të këtij neni, cilësia e të siguruarit për personat nga neni 11, paragrafi (1), pika 15), vendoset edhe nëpërmjet fletëparaqitjes për shumën e pranuar në bazë të marrëveshjes në vepër dhe/ose marrëveshjes autoriale ose marrëveshjes tjetër, të cilën në përputhje me ligjin e dorëzon personi i cili ka realizuar kompensim."

Neni 4

Në nenin 148 pas paragrafit 1 shtohet paragrafi i ri (2), si vijon:

"(2) Shfrytëzuesit të pensionit i cili krahas pensionit realizon edhe të hyra nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve të tjera me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer, nuk i ndalohet pagesa e pensionit.

Paragrafi (2) bëhet paragraf (3).

Neni 5

Në nenin 198 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Në evidencën amë shënohen të dhëna edhe për:

1. të siguruarin i cili krahas të hyrave nga marrëdhënia e punës, vetëpunësimi, realizon të hyra edhe nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera, me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer, nëse shuma e përgjithshme neto e të hyrave mbi atë bazë është më e lartë se shuma e pagës neto mesatare për vitin paraprak, e publikuar nga Enti Shtetëror i Statistikës;

2. të siguruarin në marrëdhënie pune i cili realizon të hyra nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer me punëdhënësin te i cili është në marrëdhënie pune ose me persona të tjerë juridikë të cilët kanë lidhje pronësore, organizative ose menaxhuese me punëdhënësin;

3. shfrytëzuesin e pensionit i cili krahas pensionit realizon edhe të hyra nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera, me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer, nëse shuma e përgjithshme neto e të hyrave mbi atë bazë është më e lartë se shuma e pagës mesatare neto për vitin paraprak, e publikuar nga Enti Shtetëror i Statistikës."

Neni 6

Në nenin 199 pika 1. ndryshohet si vijon:

"punëdhënësit - për punëtorët e punësuar te to;".

Pika 7 ndryshon si vijon:

"personat nga neni 11, paragrafi (1), pika 15 e këtij ligji, nëse realizojnë të hyra nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjeve autoriale ose marrëveshjeve tjera, me të cilat është përcaktuar kompensim për punën e kryer, nëse shuma e përgjithshme neto e të hyrave mbi atë bazë është më e lartë se shuma e pagës minimale të përcaktuar me ligj.”

Pas paragrafit (1) shtohet paragrafi i ri (2), si vijon:

"(2) Fondi vendos dhe mban të dhëna për personat nga neni 198 paragrafi (2) i këtij ligji".

Neni 7

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**413.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 февруари 2015 година.

Бр. 08-759/1
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија”, број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14 и 188/14) во член 5 став 1 точката 1-б, се менува и гласи:

„лице кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон;“

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM SHËNDETËSOR**

Neni 1

Në Ligjin për sigurim shëndetësor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14 dhe 188/14), në nenin 5 paragrafi 1 pika 1-b, ndryshohet si vijon:

"personi i cili realizon të hyra nga kryerja e punës fizike dhe/ose intelektuale, në bazë të një ose më shumë marrëveshjeve për vepër dhe/ose marrëveshjes autoriale ose marrëveshjes tjetër me të cilën është përcaktuar kompensim i caktuar për punën e kryer, nëse shuma e përgjithshme neto e të hyrave në atë bazë është më e lartë se shuma e rrogës minimale të përcaktuar me ligj;"

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**414.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија, донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРАТЕНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО АЛИЈАНСАТА НА ЦИВИЛИЗАЦИИТЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ**

I

Д-р Дарко Костадиновски се поставува на функцијата пратеник на Република Македонија во Алијансата на цивилизациите на Обединетите нации.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 30
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

---

**415.**

**Указ бр. 2**
**од 11 февруари 2015 година**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана (“Службен весник на Република Македонија” бр. 42/2001, 73/2002, 78/2002, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011 и 151/2011 година), член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/2010 и 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012 и 29/2014)

СЕ РАЗРЕШУВА

**бригаден генерал ЃУРЧИНОВСКИ Данило ВАСКО**

ОД ДОЛЖНОСТА АЃУТАНТ НА ВРХОВНИОТ КОМАНДАНТ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ГЕНЕРАЛШТАБОТ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овој Указ да се изврши веднаш.

Бр. 08-188/1
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

---

**416.**

**Указ бр. 3**
**од 11 февруари 2015 година**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана (“Службен весник на Република Македонија” бр. 42/2001, 73/2002, 78/2002, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011 и 151/2011 година), член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/2010 и 23/2011, 47/2011,148/2011, 55/2012 и 29/2014)

СЕ ПОСТАВУВА

**полковник АЗИМ Шабан НУРЕДИН**

ЗА АЃУТАНТ НА ВРХОВНИОТ КОМАНДАНТ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ГЕНЕРАЛШТАБОТ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ФЧ: полковник, по формација бригаден генерал,
личен ВЕС: 31040
досега: началник на Штабот на Полкот за специјални операции во Армијата на Република Македонија.
Овој Указ да се изврши веднаш.

Бр. 08-189/1
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**417.**

Врз основа на член 242 став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 41/2014 и 138/2014) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013 и 139/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 10 февруари 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА УПРАВИТЕЛ НА ДРУШТВОТО ФАБРИКА ЗА ШИНСКИ ВОЗИЛА „ВЕЛЕС“ – ДООЕЛ - ВЕЛЕС**

1. Александар Атанасов се отповикува од должноста управител на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“- ДООЕЛ - Велес, поради истек на мандатот за кој е избран.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 1711/1
10 февруари 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**418.**

Врз основа на член 243 став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 41/2014 и 138/2014) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013 и 139/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 10 февруари 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА В.Д. УПРАВИТЕЛ НА ДРУШТВОТО ФАБРИКА ЗА ШИНСКИ ВОЗИЛА „ВЕЛЕС“, ДООЕЛ-ВЕЛЕС**

1. За вршител на должноста управител на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“, ДООЕЛ - Велес се избира Љубомир Ивчев.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 1713/1
10 февруари 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**419.**

Врз основа на член 39-а став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013 и 139/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 12 февруари 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

1. За државен секретар во Министерството за транспорт и врски се именува Божидар Петроски.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 24 – 1762/1
12 февруари 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**420.**

Врз основа на член 26 став (7) од Законот за Царинската управа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14 и 167/14) министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.159/11), во член 4 ставот 1 се брише.

Член 2

Членот 6 се менува и гласи:

„Во случај на откажување на договорот за вработување, односно суспензија, царинскиот службеник треба да ја врати легитимацијата на издавачот, во рок од 24 часа.

Доколку во случај на суспендирање биде донесено решение за враќање на работа, царинскиот службеник повторно се задолжува со легитимацијата во рок од пет работни дена.

На барање на царински службеник во рок од пет работни дена, службената легитимација му се заменува со нова, во случај кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, истата е изгубена или кога царинскиот службеник ги сменил податоците кои се впишани во легитимацијата. Старите службени легитимации се бришат од евиденција.

По истекот на важноста на легитимацијата, царинскиот службеник во рок од пет работни дена треба да ја врати старата легитимација на издавачот и да се задолжи со нова легитимација“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-971/1
5 февруари 2015 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**421.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ЦЕНОВНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТАТА НАНЕСЕНА НА РИБИТЕ

Член 1

Со овој ценовник се пропишува висината на надоместокот на штетата нанесена на рибите предизвикана од труење, загадување, односно прекумерно заматување на риболовните води како и за незаконско посегање по рибите.

Член 2

Висината на надоместокот на штетата нанесена на рибите изнесува:

1. За полово зрели единки во рамките на пропишаната големина на рибите под која не смеат да се ловат:

| Вид на риба | Денари/килограм |
|---|---|
| Сите видови пастрмки | 3 000,00 |
| Крап | 600,00 |
| Амур | 600,00 |
| Толстолобик | 600,00 |
| Сите видови мрени | 400,00 |
| Лињак (линиш) | 1 000,00 |
| Смуѓ | 1 000,00 |
| Скобуст (бојник) | 300,00 |
| Клен | 300,00 |
| Писа | 400,00 |
| Црвеноперка | 300,00 |
| Попадика (еѓупка) | 400,00 |
| Караш | 200,00 |
| Костреш (перкија) | 400,00 |
| Белвица (плашица, нивичка) | 200,00 |
| Кркушка | 300,00 |
| Сом | 1 000,00 |
| Штука | 600,00 |
| Јагула | 1 000,00 |
| Загрозени, забранети и заштитени видови | 4 000,00 |
| Останати видови риби | 300,00 |

2. За подмладок и во случај рибите да се под пропишаната големина под која не смеат да се ловат:

| Вид на риба | Денари/килограм |
|---|---|
| Сите видови пастрмки | 7 500,00 |
| Крап | 1 500,00 |
| Амур | 1 500,00 |
| Толстолобик | 1 500,00 |
| Сите видови мрени | 1 000,00 |
| Лињак (линиш) | 2 500,00 |
| Смуѓ | 2 500,00 |
| Скобуст (бојник) | 750,00 |
| Клен | 750,00 |
| Писа | 1 000,00 |
| Црвеноперка | 750,00 |
| Попадика (еѓупка) | 1 000,00 |
| Караш | 500,00 |
| Костреш (перкија) | 1 000,00 |
| Белвица (плашица, нивичка) | 500,00 |
| Кркушка | 750,00 |
| Сом | 2 500,00 |
| Штука | 1 500,00 |
| Јагула | 2 500,00 |
| Загрозени, забранети и заштитени видови | 10 000,00 |
| Останати видови риби | 750,00 |

Член 3

Овој ценовник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.08-419/2
20 јануари 2015 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.

**422.**

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура (“Службен весник на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ број 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РИБОЛОВНАТА ОСНОВА ЗА РИБОЛОВНАТА ВОДА „ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО“ ЗА ПЕРИОДОТ 2011-2016

1. Во Риболовната основа за риболовната вода „Преспанско Езеро“ за периодот 2011-2016 (“Службен весник на Република Македонија број 145/11 и 18/13) во точката 6 во ставот 2 процентот “62%” се заменува со процентот ”67,2%” и бројот “226.000” се заменува со бројот “245.000.”

2. Во точката 8. во потточката 8.4. табелата 10. се менува и гласи:

“

| | | |
|---|---|---|
| крап | Cyprinus carpio | 35 cm |
| клен | Squalius prespensis | 25 cm |
| грунец | Rutilus prespensis | 15 cm |
| белвица | Alburnus belvica | 12 cm |
| скобуст | Chondrostoma prespense | 20 cm |
| мрена | Barbus prespensis | 20 cm |
| карас | Carassius gibelio | нема ограничување |
| сончарка | Lepomis gibbosus | нема ограничување |

”.

3. Во точката 10. табелата 11. се менува и гласи:

“

| народно име | латински назив | количества дозволен лов во кг. |
|---|---|---|
| крап | Cyprinus carpio | 35.000 |
| клен | Squalius prespensis | 6.000 |
| грунец | Rutilus prespensis | 15.000 |

| | | |
|---|---|---|
| белвица | Alburnus belvica | 170.000 |
| скобуст | Chondrostoma prespense | 18.000 |
| мрена | Barbus prespensis | 1.000 |
| карас | Carassius gibelio | нема ограничување |
| сончарка | Lepomis gibbosus | нема ограничување |
| ВКУПНО | | 245.000 |

".

Табелата 12. се менува и гласи:

"

| народно име | латински назив | количества дозволен лов во кг. |
|---|---|---|
| крап | Cyprinus carpio | 4.000 |
| клен | Squalius prespensis | 3.000 |
| грунец | Rutilus prespensis | 6.000 |
| белвица | Alburnus belvica | 18.000 |
| скобуст | Chondrostoma prespense | 2.000 |
| мрена | Barbus prespensis | 200 |
| карас | Carassius gibelio | нема ограничување |
| сончарка | Lepomis gibbosus | нема ограничување |
| ВКУПНО | | 33.200 |

".

4. Во точката 12. во ставот 4 табелата 13. се менува и гласи:

"

| народно име | латински назив | број на мрежи |
|---|---|---|
| крап | Cyprinus carpio | 15 |
| клен | Squalius prespensis | 15 |
| грунец | Rutilus prespensis | 15 |
| белвица | Alburnus belvica | 20 |
| скобуст | Chondrostoma prespense | 15 |
| мрена | Barbus prespensis | 5 |
| карас | Carassius gibelio | 15 |

".

5. Оваа риболовна основа се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-1920/1
5 февруари 2015 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.

---

**423.**

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 07/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РИБОЛОВНАТА ОСНОВА ЗА РИБОЛОВНАТА ВОДА „ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО" ЗА ПЕРИОДОТ 2011-2016

1. Во Риболовната основа за риболовната вода "Дојранско Езеро" ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/11 и 57/13) во точката 6. во потточка 6.1. ставот 9 се менува и гласи:

„Риболовните пунктови за влез и излез од риболовната вода на сите рибари кои вршат традиционален и/или стопански риболов на отворена вода треба да бидат лоцирани на местата викани "Калдармата" и "Титови пионери" ."

2. Во точката 8. потточката 8.4. се менува и гласи:

"Големината на рибите под која не смеат да се ловат во Дојранското Езеро е како што следи:

- крап 35 cm,
- костреш 15 cm,
- црвеноперка 15 cm,
- сом 50 cm,
- карас нема,
- плашица 12 cm и
- лињак 25 cm".

Во потточката 8.5. во став 1 алинејата 5 се менува и гласи:

"- лињак од 15 мај до 30 јуни".

3. Во точката 10. Табелата 21. се менува и гласи:

"

| народно име | латински назив | количества дозволен лов во kg. |
|---|---|---|
| крап | Cyprinus carpio | 22.800 |
| костреш | Perca fluviatilis | 30.200 |
| црвеноперка | Rutilus rutilus | 81.700 |
| сом | Silurus glanis | 3.800 |
| карас | Carassius carassius | мин. 25.000 |
| плашица | Alburnus alburnus | 27.250 |
| лињак | Tinca Tinca | 3.000 |
| ВКУПНО | | 193.750 |

".

4. Точката 11 се менува и гласи:

"Стопански риболов во отворените води на целата површина на езерото се врши во текот на целата година освен во периодот на забрана.

Рекреативен риболов се врши во текот на целата година освен во периодот на забрана."

5. Оваа риболовна основа се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-1921/1
5 февруари 2015 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.

---

**424.**

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 07/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РИБОЛОВНАТА ОСНОВА ЗА РИБОЛОВНАТА ВОДА „ОХРИДСКО ЕЗЕРО" ЗА ПЕРИОДОТ 2011-2016

1. Во Риболовната основа за риболовната вода "Охридско Езеро" за период 2011-2016 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/11 и 57/13) во точката 6. во потточка 6.1. во ставот 3 запирката се заменува со точка, а зборовите "додека за периодот 2014-2016 година со најмалку 35 рибари" се бришат.

По ставот 7 се додава нов став 8 кој гласи:

"По потреба концесионерот може да користи и риболовни пунктови во следните локалитети: Андон Дуков, Св. Стефан, Елешец, Љубаништа и Св. Наум.

Во потточката 6.2. во ставот 3 во првата реченица запирката по зборот "година" се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

2. Во точката 8. потточката 8.5. се менува и гласи:

"Периодите на природен мрест на рибите варираат во зависност од временските односно биолошките услови и затоа се наведени во пошироки временски дија-

пазони. Забраната за лов на одделни видови риби треба секогаш да подлежи на промени во позитивна смисла на заштита на рибите, а врз основа на редовно следење на состојбата со популациите.

Времетраењето на забраната за лов на риби по видови риби е како што следи:

- охридска пастрмка (зимска форма, пештанска и струшка) од 1 декември до 20 март наредната година;
- охридска пастрмка (летна форма) од хотел Десарет до с. Трпејца од 1 јуни до 31 март;
- охридска белвица од 1 декември до 20 март наредната година , со исклучок на шест риболовни денови во периодот од 1 до 20 декември;
- крап од 20 мај до 19 јуни;
- скобуст од 2 мај до 31 мај;
- писа од 2 мај до 31 мај;
- мрена од 20 мај до 19 јуни;
- моранец од 20 мај до 19 јуни и
- плашица од 2 мај до 31 мај.

3. Во точката 9 потточка 9.1. во став 5 алинејата 1 се брише.

Потточката 9.2. се менува и гласи:

"Риболовното подрачје Охридско Езеро се порибува со видот пастрмка во месеците септември и октомври, а со видот јагула во месеците мај и јуни.".

4. Во точката 10. во ставот 1 табелата 13 се менува и гласи:

"

| Вид | Латинско име за лов | Количини дозволени во кг |
|---|---|---|
| Охридска пастрмка | Salmo letnica | 2011 година – 2.000<br>2012 година - 4.000<br>2013 година - 4.000<br>2014 година – 12.000<br>2015 година – 5.000<br>2016 година – 6.000 |
| Белвица | Salmo ohridana | 2011 година – 1.000<br>2012 година - 3.000<br>2013 година - 8.000<br>2014 година – 18.000<br>2015 година – 25.000<br>2016 година – 25.000 |
| Крап | Cyprinus carpio | 2011-2010 година 10.000<br>2013-2014 година 40.000<br>2015-2016 година 50.000 |
| Плашица | Alburnus scoran | 40.000 |
| Јагула | Anguilla anguilla | 4.000 |
| Клен | Squalus squalus | 5.000 |
| Мрена | Barbus rebelii | 2.000 |
| Писа | Scardinius knezevici | 500 |
| Грунец | Rutilus ohridanus | 5.000 |
| Мренец | Gobio ohridanus | 8.000 |

".

Табелата 14 се менува и гласи:

"

| Вид | Латинско име за лов | Количини дозволени во кг |
|---|---|---|
| | | |
| Охридска пастрмка | Salmo letnica | 2011 година – 1.200<br>2012 година - 2.100<br>2013 година - 3.000<br>2014 година – 4.500<br>2015 година – 6.000<br>2016 година – 6.000 |
| Белвица | Salmo ohridana | 2011 година – 400<br>2012 година - 500<br>2013 година - 600<br>2014 година – 800<br>2015 година – 900<br>2016 година – 900 |
| Крап | Cyprinus carpio | 2011-2012 година 4.000<br>2013-2016 година 10.000 |
| Плашица | Alburnus scoranza | 35.000 |
| Клен | Squalus squalus | 4.000 |
| Писа | Scardinius knezevici | 500 |
| Моранец | Pachyhilon pictum | 1.000 |
| Грунец | Rutilus ohridanus | 1.000 |
| Мрена | Barbus rebelii | 6000 |

".

5. Точката 11. се менува и гласи:

"Времето дозволено за лов е вон периодот на времетраењето на забраната за лов на риби, односно:

- охридска пастрмка од 1 април до 30 ноември и тоа за стопански риболов со блинкер на влечење од 5-15 секој месец со исклучок на неделите, а за рекреативен риболов неделите (во смисол на ден) секој месец во дозволениот период од 1-15 и државни празници;
- крап од 20 јуни до 18 мај наредната година;
- клен во текот на целата година;
- писа од 1 јуни до 1 мај наредната година;
- моранец од 1 јуни до 1 мај наредната година;
- грунец од 1 јуни до 1 мај наредната година;
- плашица од 1 јуни до 1 мај наредната година и во периодот од 1 декември до 30 март наредната година за стопански риболов во зимовниците и за рекреативен во каналот Студенчишта од 15 октомври до 30 март наредната година и
- мрена од 20 јуни до 18 мај наредната година."

6. Во точката 12 во ставот 1. Табелата 15 се менува и гласи:

"

| народно име | број на мрежи |
|---|---|
| Крап | 20 и повлечна мрежа |
| Клен | 10 и повлечна мрежа |
| Грунец | 10 |
| Плашица | Повлечна мрежа по риболовен ден |
| Јагула | 6 и еден струк |
| Пастрмка | 20 |
| Белвица | 20 |
| Мрена | 10 |

".

7. Оваа риболовна основа се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.08-1922/1<br>5 февруари 2015 година<br>Скопје | Министер за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство,<br>м-р **Михаил Цветков,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**425.**

Врз основа на член 57 став 9 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14 и 166/14), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОТРЕБНАТА ОПРЕМА И НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КАТЕГОРИЈАТА НА АВТОБУСКИТЕ СТАНИЦИ**

Член 1

Во Правилникот за потребната опрема и начинот на определување на категоријата на автобуските станици („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/13 и 132/13) во член 3 се додава нов став 2 кој гласи:

„Автобуската станица треба да располага со унифициран електронски систем со електронско плаќање на билетите утврден во член 33 од Законот за превоз во патниот сообраќај.“

Член 2

Во Прилогот во табелата во редот: вкупен број на бодови по категории бројот: „19“ се заменува со бројот:„18“, бројот „18“ се заменува со бројот „17“ и бројот „13“ се заменува со бројот „12“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-2185/1
9 февруари 2015 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески,** с.р.

---

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**426.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 28 јануари 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВААТ член 99-а став 3 и став 4 во делот: „Во случај на повторување на прекршокот од страна на истиот сторител или со истото возило, возилото што било користено за превоз трајно се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформираниот полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, а по издавање на решение за трајно одземање на возилото од страна на инспекторот за патен сообраќај“ од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 53/2011, 6/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013 и 42/2014).

2. СЕ СТАВА НАДВОР ОД СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорените одредби од Законот означени во точка 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија, со Решение У.бр.66/2014 од 25 ноември 2014 година, поведе постапка за оценување на уставноста на член 99-а став 3 и став 4 во делот: „Во случај на повторување на прекршокот од страна на истиот сторител или со истото возило, возилото што било користено за превоз трајно се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформираниот полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, а по издавање на решение за трајно одземање на возилото од страна на инспекторот за патен сообраќај“ од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 53/2011, 6/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013 и 42/2014), затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот. Со истото решение, Судот го запре извршувањето на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорените одредби од Законот.

5. Судот на седницата утврди дека според 99-а став 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај, освен глобата од ставот 1 на овој член за прекршокот од ставот 1 точка 1 на овој член, возилото што било користено за превоз со кое е сторен прекршокот од ставот 1 точка 1 на овој член трајно се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформираниот полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, а по издавање на решение за трајно одземање на возилото од страна на инспекторот за патен сообраќај.

Според став 4 на истиот член, освен глобата од ставот 1 на овој член за прекршокот од ставот 1 точка 3 на овој член, возилото што било користено за превоз со кое е сторен прекршокот од ставот 1 точка 3 на овој член времено се одзема со асистенција на униформираниот полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот за период од шест месеци до една година, а по издавање на решение за времено одземање на возилото од страна на инспекторот за патен сообраќај. Во случај на повторување на прекршокот од страна на истиот сторител или со истото возило, возилото што било користено за превоз трајно се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформираниот полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, а по издавање на решение за трајно одземање на возилото од страна на инспекторот за патен сообраќај.

6. Според член 8 став 1 алинеите 3 и 4 од Уставот, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно Амандманот XX на Уставот, со кој се дополнува членот 13 од Уставот, за прекршоци определени со закон, санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања. Против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка уредени со закон.

Согласно Амандманот XXI на Уставот, со кој се заменува членот 15 од Уставот, се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Од наведените уставни одредби произлегува дека на органите на управата или организација и друг орган што врши јавни овластувања, им е воведена надлежност за изрекување на прекршочни санкции и водење на прекршочна постапка, при што против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка уредена со закон. Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд, но правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред органите на

државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања е препуштено да се уреди со закон, што остава простор во одредена управна или прекршочна постапка, да не се обезбедува право на жалба против поединечниот акт, но притоа е нужно да се обезбеди правото на судска заштита против таквите акти, под услови и постапка уредени со закон.

Со Законот за превоз во патниот сообраќај се уредуваат условите и начинот за вршење превоз на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.

Според член 3 став 3 од овој закон, во постапката при вршење на инспекцискиот надзор ќе се применуваат одредбите на Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Според член 87 од Законот за превоз во патниот сообраќај, инспекцискиот надзор над примената на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон што се однесуваат на меѓуопштинскиот, посебниот линиски превоз на патници меѓу две и повеќе општини и меѓународниот превоз на патници и превозот на стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај го врши Државниот инспекторат за транспорт, преку државни инспектори за патен сообраќај (став 1). Инспекцискиот надзор над примената на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон што се однесуваат на општинскиот превоз на патници, автотакси превозот на патници и посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на општината го вршат овластени инспектори за патен сообраќај на општината (став 2). Инспекцискиот надзор над примената на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон што се однесуваат на општинскиот превоз на патници, авто-такси превозот на патници и посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на градот Скопје го вршат овластени инспектори за патен сообраќај на градот Скопје (став 3).

Со член 89 став 1 од Законот, се утврдуваат случаите и условите под кои државниот инспектор за патен сообраќај има право да донесе решение за исклучување на возилото од сообраќај, со одземање на сообраќајната дозвола. Според став 2 на овој член, под одземање на дозвола за линиски превоз на патници се подразбира одземање на сите примероци на дозволи со кои располага превозникот за одржување на конкретната линија за која е сторен прекршокот, а според став 3 на истиот член, превозникот е должен во рок од 24 часа од добивањето на решението за одземање на дозволата сите примероци од дозволите за предметната линија да ги предаде во Државниот инспекторат за транспорт. Согласно став 4 на овој член, привременото одземање на дозволата од ставот 1 алинеите 4 и 5 на овој член изнесува 30 дена, а доколку во рок од една година превозникот го повтори прекршокот инспекторот ќе поднесе предлог за трајно одземање на дозволата до Министерството за транспорт и врски. Според став 8 на овој член, исклучувањето на возилото од сообраќај со одземање на сообраќајната дозвола од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 6 на овој член трае 30 дена, а според став 9 на истиот член, времената забрана од ставот 1 алинеја 11 на овој член може да се изрече во траење од 10 до 30 дена.

Со член 90 став 1 од Законот, се утврдуваат случаите и условите под кои овластениот инспектор за патен сообраќај на општината или овластениот инспектор за патен сообраќај на градот Скопје има право да донесе решение за исклучување на возило од сообраќај со одземање на сообраќајната дозвола. Според став 4 на овој член, исклучувањето на возилото од сообраќај со одземање на сообраќајната дозвола трае 30 дена, а според став 5 на истиот член, времената забрана од ставот 1 алинеја 6 на овој член може да се изрече во траење од десет дена до 30 дена.

Согласно член 91 од Законот, ако при вршење на надзорот државниот инспектор, овластениот инспектор на општината или на градот Скопје за патен сообраќај дојдат до сознание дека постои основа на сомневање дека е извршен прекршок со кој е сторена повреда на овој закон или друг пропис, должни се без одлагање да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно пред комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Според член 92 став 1 од Законот, против решението на државниот инспектор за патен сообраќај може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Според став 2 од истиот член, против решението на овластениот инспектор на општината или на овластениот инспектор на градот Скопје за патен сообраќај, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Согласно став 3 на истиот член, жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Главата XI од Законот носи наслов КАЗНЕНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ (членови 96–99-д), во кои се предвидени глоби за прекршок во висина од 4.000 до 5.000 евра (член 96), 3.000 до 5.000 евра (член 97), 2.500 до 5.000 евра (член 98), 1.000 до 2.000 евра (член 99), 500 евра (член 99-а), 200 евра (член 99-б) и 50 евра (член 99-д).

Според член 99-в од Законот, за прекршоците од членовите 96, 97, 98, 99, 99-а на овој закон, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, инспекторот од членот 87 на овој закон ќе спроведе постапка за порамнување. Доколку сторителот го признае прекршокот инспекторот на сторителот ќе му издаде платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потписот на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати предвидената глоба (став 1). Сторителот на прекршоците од ставот 1 на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во дадениот рок, ќе плати само половина од изречената глоба утврдена во платниот налог (став 2). Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот определен во ставот 2 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд односно пред прекршочниот орган (став 3).

Од анализата на наведените законски одредби произлегува дека законодавецот, во согласност со своето уставно овластување да ги уредува односите на општественото живеење, со овој закон ги уредил условите и начинот на вршење превоз на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај, при што пропишал санкции за правните и физичките лица кои нема да ги почитуваат пропишаните правила во сообраќајот, што е во согласност со уставната определба за законска определеност на казнивите дела и казните, како израз на начелото на законитост.

За прекршоците определени со овој закон, законодавецот пропишал дека прекршочната постапка се води пред надлежен суд или комисија за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Законодавецот пропишал дека инспекциски надзор над примената на одредбите на овој закон што се однесуваат на меѓуопштинскиот, посебниот линиски превоз на патници меѓу две и повеќе општини и меѓународниот превоз на патници и превозот на стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај врши Државни-

от инспекторат за транспорт, преку државни инспектори за патен сообраќај, а инспекциски надзор над примената на одредбите на овој закон што се однесуваат на општинскиот превоз на патници, автотакси превозот на патници и посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на општината, односно градот Скопје, го вршат овластени инспектори за патен сообраќај на општината, односно градот Скопје. Надлежностите на инспекторите за патен сообраќај се утврдени со овој закон, при што е пропишано дека ако при вршење на надзорот државниот инспектор, овластениот инспектор на општината или на градот Скопје за патен сообраќај дојдат до сознание дека постои основа на сомневање дека е извршен прекршок со кој е сторена повреда на овој закон или друг пропис, должни се без одлагање да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно пред комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

7. Со иницијативата се оспорува уставноста на член 99-а став 3 и став 4 во делот: „ „Во случај на повторување на прекршокот од страна на истиот сторител или со истото возило, возилото што било користено за превоз трајно се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформираниот полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, а по издавање на решение за трајно одземање на возилото од страна на инспекторот за патен сообраќај“ од Законот за превоз во патниот сообраќај.

Оспорените одредби се внесени со член 33 од Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013 од 14.02.2013 година), на начин што ставот 3 на членот 99-а се менува и ја добива оспорената содржина, а по ставот 3 се додава нов став 4 со оспорената содржина.

Со членот 99-а став 1 од Законот, законодавецот таксативно ги утврдил дејствијата кои претставуваат прекршок за кои може да се изрече глоба во износ од 500 евра, а со ставот 2, пропишал дека барање за поведување на прекршочна постапка во тие случаи се поднесува до Комисијата за водење прекршочна постапка во Министерството за транспорт и врски, што е во согласност со уставната определеност според која на органите на управата или организација и друг орган што врши јавни овластувања, им е воведена нова надлежност за изрекување на прекршочни санкции и водење на прекршочна постапка.

Меѓутоа, со оспорениот став 3 и оспорениот дел од став 4 на член 99-а од Законот, законодавецот во постапка на изменување и дополнување на Законот, надвор од надлежностите на инспекторот утврдени со претходните членови, пропишува надлежност на инспекторот за патен сообраќај, во постапка на инспекциски надзор над примената на овој закон, да издава решение за трајно одземање во сопственост на Република Македонија на возилото што било користено за превоз со кое е сторен прекршокот од став 1 точка 1 на овој член (врши јавен превоз, превоз за сопствени потреби, слободен или посебен превоз на патници и такси превоз без лиценца и извод од лиценца), како и решение за трајно одземање во сопственост на Република Македонија на возилото што било користено за превоз со кое е сторен прекршокот во случај на повторување на прекршокот од став 1 точка 3 на истиот член (врши превоз на патници во општински посебен линиски превоз, слободен превоз на патници со елементи на линиски превоз на патници, меѓуопштинскиот и меѓународниот патен сообраќај без дозвола). Возилото се одзема со асистенција на униформираниот полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, а по издавање на решение за трајно одземање на возилото од страна на инспекторот за патен сообраќај. Притоа, законодавецот пропишува дека против таквото решение на инспекторот за патен сообраќај не е дозволена жалба (став 6), туку може да се поднесе тужба за управен спор во рок од осум дена од сторувањето на прекршокот (став 7).

При ваква правна состојба, со иницијативата се поставува прашањето дали има уставна оправданост пропишаната законска санкција за прекршок која значи трајно одземање во сопственост на Република Македонија на возилото што било користено за превоз со кое е сторен прекршокот, и тоа со решение издадено од инспекторот за патен сообраќај.

Во одговор на наводи во иницијативата, Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски наведуваат дека истите се неосновани и дека прашањето за висината на казните со оспорените одредби спаѓа во сферата на казнената политика на законодавецот за што Уставниот суд не е надлежен да одлучува, притоа, повикувајќи се на став на Судот искажан во Решението У.бр.66/2012 од 26.06.2013 година, кога предмет на оцена бил член 99-а став 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај.

Според Судот, образложението искажано во наведеното решение У.бр.66/2012 не може во целост да се примени при уставносудската анализа на сега оспорените одредби од Законот. Имено, со цитираното решение се анализирани одредбите на Законот за превоз во патниот сообраќај пред нивното изменување кое сега се оспорува, односно во содржина која се однесувала на времено одземање на возилото на период од шест месеци до една година, поради сторен прекршок во сообраќајот. Со сега оспореното законско решение, по измените на Законот од февруари 2013 година, се воведува нова мерка која значи трајно одземање во сопственост на Република Македонија на возилото со кое е сторен прекршокот, што преставува различно уредување на односите и тоа е прашање кое за првпат се поставува пред Уставниот суд.

Судот оцени дека сега оспореното законско решение основано се доведува под сомнение во однос на неговата уставност, поради следното:

Според член 30 став 3 од Уставот, никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Безбедноста во сообраќајот секако е од јавен интерес, иако основано се поставува прашање дали поседувањето на лиценца и извод од лиценца, односно дозвола за вршење јавен превоз и превоз за сопствени потреби, слободен или посебен превоз на патници и такси превоз, пропишани со Законот, претставува јавен интерес утврден со закон, што би било уставен основ за трајното одземање на сопственоста на возилото со кое е вршен превозот без лиценца и извод од лиценца, односно дозвола, во корист на Република Македонија.

Наведената прекршочна мерка, како што е пропишана, всушност претставува конфискација на возилото, без оглед на тоа дали возилото кое е користено за превоз е сопственост на физичкото или правното лице кое го врши превозот или е во сопственост на трети лица, односно се користи под лизинг (еден од условите за добивање лиценца за превоз е превозникот да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила за превоз или да има договор за лизинг- член 8 став 1 точка 2 од Законот).

Според член 41 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2006 и 51/2011), за конфискуван имот и имотна корист прибавена со прекршок на физичко лице соодветно се применуваат одредбите за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети од членовите 97 до 100-а на Кривичниот законик (став 1). За конфискуван имот и имотна корист прибавена со прекршок на прав-

но лице соодветно се применува одредбата за видови казни на правно лице од членот 96-а на Кривичниот законик (став 2). За одземање предмети соодветно се применува одредбата од услови за одземање на предмети од членот 100-а на Кривичниот законик (став 3). Доколку прекршочниот орган смета дека за одреден прекршок треба да се изречат мерките конфискација на имот и имотна корист ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред суд (став 5).

Според член 100-а од Кривичниот законик:

(1) Никој не може да ги задржи или присвои предметите што настанале од извршување на кривичното дело.

(2) Од сторителот на кривичното дело ќе се одземат и предметите што биле наменети или се употребени за извршување на кривичното дело без оглед дали се негова сопственост или сопственост на трето лице ако тоа го бараат интересите на општата безбедност, здравјето на луѓето или причините на моралот.

(3) Предметите што се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело може да се одземат ако постои опасност повторно да бидат употребени за извршување на кривично дело. Нема да се одземат предмети што се во сопственост на трето лице, освен ако тоа знаело или можело и било должно да знае дека се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело.

(4) Судот ќе донесе одлука за одземање на предмети во постапка определена со закон и кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело.

(5) Со примена на оваа мерка не се засега во правото на трети лица за надоместок на штетата од сторителот на кривичното дело.

(6) Под услови определени со ратификуван меѓународен договор, предметите можат да бидат вратени на друга држава од став 1 точка 1 на овој член и при што против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка уредена со закон.

Имајќи ја предвид наведената законска регулатива со која се уредува прашањето на одземањето или ограничувањето на сопственоста како казнена мерка, произлегува дека ваквата казнена мерка единствено може да ја изрече суд. Оттука, произлегува дека инспекторот за патен сообраќај може времено да отстрани од сообраќај одредено возило со кое е сторен прекршок (во која смисла има повеќе казнени и прекршочни одредби во Законот за превоз во патниот сообраќај), но одземањето на сопственоста, и тоа трајно во корист на Република Македонија, е прекршочна мерка која единствено може да ја изрече суд. Фактот што против решението на инспекторот не е дозволена жалба, но против истото може да се поведе управен спор, според Судот, не е замена за судска одлука со која се изрекува конфискација. Напротив, тоа укажува дека токму со решението на инспекторот, пред истото да стане правосилно и без водење прекршочна постапка се одзема сопственоста на возилото, и тоа во моментот на сторување на прекршокот, што несомнено значи навлегување на извршната во судската власт, но исто така и повреда на принципот на презумпцијата на невиност, гарантиран со член 13 став 1 од Уставот, според кој лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Дополнително, Судот имаше предвид дека според членот 99-а став 2 од Законот, за прекршоците од ставот 1 на истиот член, што ги вклучува и спорните прекршоци, барањето за поведување на прекршочна постапка се поднесува до Комисијата за водење на прекршочна постапка при Министерството за транспорт и врски. При постоење на ваквата регулатива, се поставува прашање каква е функцијата на оваа комисија во однос на спорните мерки, кога истата не е вклучена во постапката за изрекување на прекршочните санкции, туку истите ги изрекува инспекторот за патен сообраќај, иако во член 91 од Законот се пропишува дека ако при вршење на надзорот овластениот инспектор за патен сообраќај дојде до сознание дека постои основа на сомневање дека е извршен прекршок со кој е сторена повреда на овој закон или друг пропис, должен е без одлагање да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно пред комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски. Со оглед дека ваквата обврска на инспекторот е исклучена со оспорените одредби, внесени во Законот дополнително, како негови измени и дополнувања, според Судот, истите го изместуваат системот на изрекување на прекршочни санкции утврден со другите одредби на овој закон, како и со одредбите на Законот за прекршоците, како lex generalis во прекршочната материја, поради што Судот оцени дека спорните законски одредби не го одразуваат начелото на владеење на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија. Притоа, иако Судот нема надлежност за оцена на меѓусебната согласност на одредби од ист закон, како што може да се сфати од наведеното, оспорените одредби, поради нивната неуставност и нивната противречност на другите одредби од Законот, според Судот, претставуваат упад во системот на прекршочни санкции и нивното изрекување, поради што со истите се повредува начелото на владеењето на правото.

Имајќи го предвид наведеното, Судот оцени дека начинот на уредување на изрекувањето на прекршочната мерка со член 99-а став 3 и став 4 во оспорениот дел од Законот за превоз во патниот сообраќај, води кон повреда на начелата на владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, поради што оцени дека овие одредби од Законот не се во согласност со член 8 став 1 алинеите 3 и 4, член 13 став 1, член 30 став 3 и член 51 од Уставот.

8. Тргнувајќи од наведеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

9. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови, во состав од претседателот на Судот, Елена Гошева и судиите: д-р Наташа Габер-Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Никола Ивановски, Јован Јосифовски, Вангелина Маркудова, Сали Мурати, д-р Гзиме Старова и Владимир Стојаноски.

| | |
|---|---|
| У. бр. 66/2014 | Претседател |
| 28 јануари 2015 година | на Уставниот суд на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Елена Гошева,** с.р. |

# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**427.**

Врз основа на член 18 став 1 алинеи 2 и 20 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 154 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и член 39 став 1 алинеја 10 и член 15 став 1 алинеи 2 и 19 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4351/1 од 29.08.2014 година, и во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-945/3 од 10.02.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, на 5-та седница одржана на 10.2.2015 година ја дава следнава:

**И С П Р А В К А**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАМЕНА НА ПОСТОЈНИТЕ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ СО НОВИ ДОЗВОЛИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ИЛИ РАДИО ЕМИТУВАЊЕ БР.08-713 ОД 27.12.2014 ГОДИНА**

Во Одлуката за замена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско или радио емитување бр.08-713 од 27.12.2014 година, во точка 1.3.2, потточка 1. која се однесува на Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци, наместо зборовите „музичко радио од општ формат" треба да стојат зборовите „музичко – говорно радио од општ формат".

Бр. 08-366
12 февруари 2015 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизулени медиумски услуги,
Претседател на советот,
**Лазо Петрушевски,** с.р.

---

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**428.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14) и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ", бр. 143/11 и 78/13), постапувајќи по барањето на Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЈОВЕ Охрид ДООЕЛ, со седиште на ул. 15-ти Корпус ББ-комплекс/ Езерка Охрид, за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија на седницата одржана на ден 9.2.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата на Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЈОВЕ Охрид ДООЕЛ, со седиште на ул. 15-ти Корпус ББ-комплекс/ Езерка Охрид, за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала „ФЕЦ Фотоволт Белчиште" издадена со Одлука УП1 бр. 07-136/14 од 01.10.2014 година, („Службен весник на РМ" бр. 145/14) влегува во сила.
2. Лиценцата е прилог 1 на оваа одлука.
3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага неговото извршување.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 Бр. 07-136/14
9 февруари 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**
Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЈОВЕ Охрид ДООЕЛ, со седиште на ул. 15-ти Корпус ББ-комплекс/ Езерка Охрид

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**
Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата**
09.02.2015

**4. Датум на важење на лиценцата**
09.02.2050

**5. Евидентен број на издадената лиценца**
ЕЕ – 201.01.1/14

**6. Број на деловниот субјект** – 4162579

**7. Единствен даночен број** – 4020990108949

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во фотонапонска електроцентрала, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

**9. Локација на вршење на енергетската дејност**
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во фотонапонска електроцентрала „ФЕЦ Фотоволт Белчиште " на КП бр. 1003 КО Белчиште, Општина Дебрца.

**10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

**11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија**
Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**12. Права и обврски за носителот на лиценца**
Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЈОВЕ Охрид ДООЕЛ, со седиште на ул. 15-ти Корпус ББ-комплекс/ Езерка Охрид, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:
- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;

- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и

- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

**13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) преземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;

- за заштита при работа;

- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година;

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

**16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

**VI. Податоци за фотоволтаичен систем приклучен на дистрибутивна мрежа:**

1. име на фотоволтаичен систем – „ФЕЦ Фотоволт Белчиште “ со планирана моќност од 47,25 кW;

2. топографска карта (мапа) на која е прикажана локацијата на фотоволтаичниот систем во размер 1: 25 000 од Агенција за Катастар;

3. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - на електродистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија АД Скопје, согласно решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа;

4. општи податоци:

- година на почеток на градба - 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2015 година,
- година на почеток на работа – 2015 година,
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем - 45 години.

5. податоци за опрема:

- број на фотоволтаични модули – 214 x 220+1+170 W,
- тип, производител и номинални податоци на фотоволтаичниот модул –NeMo 330, Heckert Solar 210 Wp, Germany;
- Номинални податоци на фотоволтаичниот модул:
- Моќност на модул: 220 Wp; 170 Wp,
- Вкупна инсталирана моќност: 47,25 кW.

6. тип, производител и номинални податоци на инвертор –TRIPOWER 15000TL - SMA Germany;

- Номинални податоци на инвертор:
- Максимална моќност на инвертор: P=15 kW

7. годишно сончево зрачење на таа локација – 1510 kWh/m2;

8. очекувано производство на електрична енергија – 75,3MWh – годишно

**429.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14) и член 10 став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали НОРД ЕНЕРЏИ ГРОУП, NORD ENERGY GROUP ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, на ден 9.2.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 269/12 од 08.05.2013 година, на Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали НОРД ЕНЕРЏИ ГРОУП, NORD ENERGY GROUP ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, се продолжува до 21.01.2016 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-269/12
9 февруари 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**430.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14) и член 8, став 1 и член 11 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по известувањето на Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали НОРД ЕНЕРЏИ ГРОУП, NORD ENERGY GROUP ДООЕЛ експорт-импорт Тетово за промена на називот на друштвото, на ден 9.2.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Во преамбулата на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08-269/12 од 08.05.2013 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“, бр.68/13, зборовите: „Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали НОРД ЕНЕРЏИ ГРОУП, NORD ENERGY GROUP ДОО експорт-импорт Тетово“ се менуваат и гласат: „Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали НОРД ЕНЕРЏИ ГРОУП, NORD ENERGY GROUP ДООЕЛ експорт-импорт Тетово“.

2. Во точка 1, зборовите: „Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали НОРД ЕНЕРЏИ ГРОУП, NORD ENERGY GROUP ДОО експорт-импорт Тетово“ се менуваат и гласат: „Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали НОРД ЕНЕРЏИ ГРОУП, NORD ENERGY GROUP ДООЕЛ експорт-импорт Тетово“.

3. Во точка 2, алинеја 1 (назив и седиште), зборовите: „Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали НОРД ЕНЕРЏИ ГРОУП, NORD ENERGY GROUP ДОО експорт-импорт Тетово“ се менуваат и гласат: „Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали НОРД ЕНЕРЏИ ГРОУП, NORD ENERGY GROUP ДООЕЛ експорт-импорт Тетово“.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-296/12
9 февруари 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. Ђ Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД Ђ Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2015020